## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Третото продолжение на Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јули 2008 година

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Продолжуваме со работа по Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Славица Грковска Лошкова, Владо Бучковски, Тито Петковски, Али Ахмети, Ермира Мехмети и Фијат Цаноски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Точка 21 - Предлог на закон за градежното земјиште.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници,

Дозволете да ги сублимирам практично нашите забелешки кон овој закон за градежно земјиште со целиот ризик дека со дискусијата практично се легитимира за жал еден навистина закон кој што е направен со две составни компоненти, едната е со зла намера, а другата е со апсолутен аматеризам.

Сите закони поврзани со градежното земјиштo во земјите кои што претендираат да станат членка на Европската унија го имаат европското знаменце. Европската унија има многу директиви кои се однесуваат на законот за градежно земјиште. Јас и вчера реков за жал нашиот закон го нема европското знаменце бидејќи има зад себе скриени намери, има зголемени дискрециони права, легализирање на непосредната спогодба и практично потврдување на се она што досега во изминатите две години го правеше министерот Миле Јанакиески.

Нема европско знаменце, а јас изразувам жалење што еве веќе трет ден никој од Владата не собира сила сеуште да се извини за премангупската изјава на господинот Веле Самак со што го навреди францускиот амбасадор Валеро во Република Македонија, земја претседавач на Европската унија во овој момент. Но тоа зборува за европските приоритети на нашата Влада.

Ќе зборувам по текстот, ќе ги аргументирам моите тврдења со се она што го пишува во текстот. Имаше многу импровизации, во три варијанти доаѓаше овде во Собранието со три различни верзии за многу клучни точки и клучни амандмани. Дојде еднаш како предлог на Владата, на 20 члена Владата поднесе потоа 21 амандман, па после дојде уште една верзија и сега имаме некоја четврта верзија, а дека забуната е толкава најдобра потврда направи самиот министер Миле Јанакиески на прес конференцијата по повод овој закон на 1 јули, објавена во дневните весниви на 2 јули, каде што и самиот цитира одредби кои ги имаше во претходниот закон, а ги нема во овој закон, односно цитира дека непосредната спогодба ќе важела само за реномирани компании кои се наоѓале на Форчен Глобал 500, ама заборава дека тоа е избришано во меѓувреме и дека таа одредба постоеше во законот што го имавме во минатиот состав. Сега таа одредба е избришана, не знам службите дали не му кажале. Но тоа личи на него, бидејќи како што и самиот рече за продавањето на градежното земјиште дознавал од веб страница на Министерството и од прес конференциите на политичките партии, а за веб страницата имало задолжен човек. Ова е легализација за се тоа што тој не знаел, а се случуваше во Министерството за транспорт и врски и сите незаконски доделувања на градежно земјиште денес се легализираат со овој закон.

Овој закон има за цел да ги уреди дискреционите права на државата за злоупотреба на градежното земјиште. Нема ниту една нормативa, нема ниту една процедура, нема ниту едно правило и второ, да го блокира локалниот економски развој, да не го направи она што сите држави го направиле, а тоа е градежното земјиште е единствената и најдобрата стопанска гранка на локалната самоуправа и само со градежното земјиште, со менаџирањето на градежното земјиште можеме да се надеваме на локален економски развој, можеме да се надеваме на заживување на многу општини и опстојување на многу општини. Само кога менаџирањето на градежното земјиште ќе го дадеме на општините, тогаш ќе има и повеќе градинки, ќе има и повеќе амбуланти, тогаш ќе има и подобри улици, нема да има проблем со осветлувањето, тогаш граѓаните во секоја општина ќе живеат подобро. Но за жал, политиката на централизација, политиката на узурпација, политиката на ставање на купче се во едно министерство продолжува понатаму. Мислам дека тоа не е добро за Република Македонија, тоа се коси со европските правила за намалување на дискрециони права, рековме за меѓусебната спогодба, нема никакви извештаи, нема никаква контрола и нормално е да го нема европското знаменце на овој закон.

Кои се проблематичните точки во овој закон?

Прво, фали стручност, затоа што во Предлог законот недостасуваат цели поглавја кои било кој закон што ќе го отворите и во било која европска земја ги има, фалат поглавја кои треба да ја уредат дефиницијата на градежното земјиште, условите за негово прогласување, градежната парцела, условите за нејзино прогласување, процедурите за сопственичко порамнување на

градежна парцела, стекнување на право на градење и слично.

Но што има? Во законот има непосредна спогодба, има размена на градежното земјиште, има долготраен закуп, има времени објекти. Никаде нема нормативи, процедури и за која потреба ќе се продава, оттуѓува, разменува или ќе се стави под долготраен закуп државното градежно земјиште. Единствено има услови да се дерегулира системот на државно градежно земјиште. Јас ве уверувам и тука слободно можете да ја направите првата вмроовска тројка дека хотелската ОКТА ќе биде мало дете за она што ќе се случува во следниот период. Затоа, се надевам дека Груевски ќе ги стави во првата тројка Јавниот обвинител, Државниот правобранител и Претседателот на Државната комисија за спречување на корупција, затоа што ќе настане хаос и узурпација на државното градежно земјиште, ќе продава кој сака, на кого сака, за колку сака и тоа во темнина. Тоа ќе го посочам со примерите што ги има во законот, читајќи го текстот, се разбира, ниту членот 3 е согласно Уставот, бидејќи Просторниот план што го дефинира Собранието ја дефинира цела Македонија, не го дефинира државното градежно земјиште. Значи Просторниот план е едно пошироко множество. Членот 4 - правото на градење или сопственоста, вчера зборувавме овде во Собрание дека е нешто друго, но јас ќе се задржам во интерес на времето на три поенти.

За членот 13 последниот став и вчера нешто зборував, градежното земјиште во заштитниот појас на патиштата. Државно градежно земјиште е земјиште кое е урбанизирано и кое припаѓа на населено место. До друго населено место што има градежно земјиште и што е урбанизирано води пат, ама тоа не е државно градежно земјиште. Околу патот имаме заштитен појас кој исто не е државно градежно земјиште. Јас ја знам намерата на Владата, ја реков и вчера, ќе направи господинот Миле Јанакиески, ќе влезе во варијанта на непосредно договарање, тоа го вели законот, дали меѓу Скопје и Велес оптички линк ќе пушти Т-мобиле, Космофон, Вип, дали тоа ќе го направи ЕВН, ЕСМ или МЕПСО. Нема да го даде на тендер, нема да има конкуренција кој ќе плати повеќе за тој закуп, туку по тој пат ќе го даде со непосредна спогодба, ама тоа не е државно градежно земјиште. Или ќе постави 500 времени објекти каде што се сложуваме, затоа ќе ја цитирам после Државната комисија за спречување на корупцијата, дури Мирјана Димовска штом кажа дека времените објекти се корупција, можете да замислите колку е тоа корупција штом таа се дрзна во јавноста нешто да каже против Владата на Груевски. Ќе постави 500-1000 објекти каде се договарањата во четири очи и какви објекти ќе имаме меѓу Скопје и Велес.

Затоа се мешаат работите, во петок ќе бидеме сведоци кога ќе го донесуваме законот за јавни патишта. Таму е дефиниран заштитниот појас околу патот, тоа не е државно градежно земјиште. Или ќе го промените овде или во петок ќе ве потсетиме, односно утре кога ќе го донесуваме Законот за јавни патишта дека тој заштитен појас е околу патот кој што не е државно градежно земјиште. Членот 14 е веројатно тој член кој за почеток прво сака да ги потврди сите оние активности што и досега ги правел господинот Миле Јанакиески, а понатаму да си најде легална основа за сите активности што ги прави. Во членот 14 вели дека со непосредна спогодба градежното земјиште во сопственост на Република Македонија се оттуѓува во следните случаи: кога и на второто јавно наддавање не се јавиле заинтересирани лица. Зошто нема норматив, зошто нема правило или процедура после првото одјавување да се знае дека ќе се намали за одреден процент цената, па да направиме второ објавување. Зошто скалесто таа цена не дојде па да видиме дали има заинтересирани или не, или како што направивте за Рамстор, како што направивте во хотелот за Охрид а сега ќе го реализирате, ќе дадете екстремно висока цена кога ја објавувате во Фајненшел тајмс и нормално никој нема да се јави и вториот пат ќе дадете екстремно висока цена нереална и никој нема да се јави, ама затоа кога ќе ја направите со непосредна спогодба почетната цена ќе биде гола вода и нормално тогаш ќе се јави фирма која се формирала три дена пред поднесувањето на документите за хотел од два милиони евра и ќе го добие тој тендер. Затоа тоа го потврдувате, тоа што направивте со хотелската ОКТА, тоа што ќе го направите со хотелот во Охрид - се извинувам господине Палоши, ви се обраќам како на претставник на Владата, да немаме дилема - тоа го легализирате со оваа алинеја.

Втората алинеја, за потребите на верските заедници и верски објекти предвидени со урбанистички планови, значи сега за црквата "Свети Никола" треба некако тоа земјиште да се даде да се изгради на Македонската православна црква. Ама верски заедници има многу, на што ќе личи плоштадот, претпоставуваме.

За оформување на градежна парцела каде што има 30% - и вчера доста време зборувавме за тоа, невозможно е една локација кога имате 100%, таму имате само 30%, а објектот што е по маркица во урбанистичкиот план не припаѓа на неговата маркица, на неговите 30% вие да го добиете, имате на плоштадот место за хотел и некој има 30%, но делот од хотелот и Трговскиот центар се наоѓаат на другата половина на државното градежно земјиште и вие да го обезвредните, давајќи му да ја заокружи таа градежна парцела.

Последната алинеја: на сопственици на објекти или посебни делови од објекти изградени со градежно техничка документација - значи тоа е една најобична книга - евидентирани во јавна книга на недвижности кои не поседуваат акт за доделување на право на користење. Рековме не постои шанса да бидете запишани во јавната книга односно во Катастарот, а да не сте имале дозвола за градење.

И она што не го пишува во овој член, а за жал оваа алинеја еволуираше три пати до сега, и вчера тоа го цитирав, првиот пат тоа беа објекти до 01.02.1996 година, потоа беа регулирани на друг начин, ама сега е најконфузната варијанта дека на човек кој изградил на туѓо земјиште макар и шупа без дозвола ќе дојде во Министерството и ќе рече дајте ми го земјиштето од четири илјади квадрати на кое се наоѓа шупата и бидејќи согласно член 14 Миле Јанакиевски може да го направи тоа со непосредна спогодба ќе му го даде, затоа што законот му го вели тоа, односно самите вие со гласањето ќе му го овозможите тоа.

Се претпоставуваше дека членот 13 и 14 се можеби врвот на злоупотребите, но ве уверувам дека членот 20 е оној завршниот удар кон транспарентноста со продажбата на државното градежно земјиште. Членот 20 е тоа што со изгласувањето на овој закон му се дава инструмент на министерот државното градежно земјиште да го продаде на кого сака, како сака, за колку сака, бидејќи во членот 20 вели право на долготраен закуп од 5 до 99 години. 99 години е еден век, никој нема да знаеме што ќе се случува со еден век, ама затоа на министерот му се дава шанса со непосредна спогодба на 99 години да даде државно градежно земјиште за изградба на објекти од јавен интерес, а тоа се сите објекти освен домашните станови. Тој може да гради било што, било што да му се даде, освен станови и тоа ќе го одлучи самиот Миле Јанакиески на некого да му даде на 99 години да гради некој јавен објект. Зошто нема во законот дефинирање кој е општиот интерес, кој е јавниот интерес. Јавниот интерес подразбира јавно наддавање, Деталниот урбанистички план одредил еден објект кој треба да биде од јавен интерес. Имаме јавно наддавање, нема заинтересирани еднаш, два пати, три пати, тогаш се губи тој јавен интерес, тогаш општината ќе го предефинира во Деталниот урбанистички план и ќе предвиди нешто друго за кој што има јавен интерес. Ама ако вако го ставиме - за изградба на објекти од јавен интерес - тоа е се освен станови со непосредна спогодба на 99 години, кој знае кога е тоа или пак за изградба на објекти за потребите на правни лица регистрирани како хуманитарни организации, па во било кој закон или нормативи што го уредуваат урбанистичкото планирање вие немате тип на објект за хуманитарни потреби. Значи имате дефинирани болница, школо, ама немате тип на објект, категоризиран објект за хуманитарни потреби и сега како овие невладини организации што метат пред амбасадите или што ги блокираат улиците што ги формирал ВМРО-ДПМНЕ или "Гласот на светлината", ќе се формира хуманитарна организација и ќе конкурира кај Миле Јанакиески, ќе дојде на врата, добар ден - добар ден, што си ти - хуманитарна организација, одлично. На 99 години. Каде сакаш? На плоштад. Океј, направиси објект за хуманитарни потреби. Кои се тие хуманитарни потреби. Мислам дека не што нема, нема ни да се повтори, можеби хуманитарни потреби се да им пуштате вмроовска музика на луѓето да се приклонат кон севишниот Груевски, но тоа е ваша тактика.

Или за изградба на објекти во технолошко индустриски развојни зони, бидејќи јавниот интерес не е бизнис, па му фалело на Миле ја допишал и оваа алинеја, дека на 99 години може да изгради објект во рамки на зоните, но каков објект? Каде? Музички, за пуштање на ВМРО-овската химна?

Значи, апсолутно нема да најдете закон во Европа за уредување на државното градежно земјиште каде под право на долготраен закуп од 99 години ќе направите вакво крчмење на државното градежно земјиште.

Затоа го нема европското знаменце, во европското знаменце ке имаше директивини каде не може долготраен закуп да се даде со посредна спогодба. Тоа е чист бизнис, тоа може само да оди на тендер. Нека се тепаат телекомуникациските компании, нека се тепаат приватните телевизии, кабелските телевизии, нека се тепаат во конкуренција за да видиме кој ќе плати повеќе. Вака ќе го дадеме со непосредна спогодба покрај Партизанска на тротоарот да копа некој. Зошто да не платат повеќе, зошто да нема обврска да изградат нешто друго.

Долготрајниот закуп по дефиниција е врзан за јавно наддавање, а не со непосредна спогодба. Затоа за еден век, за следниот век Миле Јанакиески во потполна дискреција ќе ги даде сите објекти освен приватните станови, ако и тоа не го смените со некој следен закон.

Се воведуваат времените објекти. Државната комисија за спречување на корупцијата остро реагираше со свое сопштение, изјава, дека не треба таа измена да се направи за подигање на времени објекти затоа што се создава можност за корупција. Времениот објект "Државната комисија смета дека таквата измена не треба да се направи, бидејќи со тоа се создава непотребен извор на можна корупција" и тука објаснува зошто е тој времен објект. Мислам дека во Аеродром покрај булеварот Јане Сандански треба да има 300 времени објекти. Сега покрај булеварот дури стигнете од нова железничка до трговскиот центар Бисер, ќе имате 300 разноразни времени објекти. Со тоа ниту ќе го разубавиме, ниту ќе го поттикнеме урбанистичкиот развој на градот. Вие знаете, вие сте архитект, времениот објект е, условно кажано смрт за деталниот урбанистички план. Кога сте планирале со деталниот урбанистички план таму сте предвиделе да има градинки и сега дури започне да се гради, дури се најдат средства, сега некој ќе стави нешто на пример за продавање на ВМРО-овската химна и затоа мислам дека е многу попаметно да има градинка, амбуланта отколку киоск со музика од нашите колеги. Го имате знамето горе во просториите што е недозволиво во Собранието, но тоа е одлука за вас, не е за демократијата на Македонија.

Понатаму, градежното неизградено земјиште единствено може да го контролира и е во надлежност на локалната самоуправа. Тука по овој закон замислете во член 43 вели “органот на државна управа”, тоа е Министерството за транспорт и врски “ги пропишува видовите на дејноста што се вршат на времените објекти на градежно неизградено земјиште. Ова е класичен упад во локалната самоуправа и ова не е ни според Уставот, не е согласно Законот за локална самоуправа.

Не може, без разлика колку е експерт Миле Јанакиески да знае дека во Радуша, бидејќи се нови коалициони партнери, да стави еден времен објект или да знае дека тоа треба да го направи во Гостивар или сега ќе го смириме Мимле со Бејта. Не може министерот, тоа не е согласно Уставот, ниту има закон во светот каде министерот си ги избира времените објекти кои ќе се стаааат по општините. Државното неизградено земјиште го контролира општината, зошто носат детални урбанистички планови, воглавно со консензус се носат, бидејќи си ги знаат потребите на општината, си ги знаат потребите и приоритетите на општината. Не може сега министерот да ги бира времените објекти. Не постои вакво нешто во светот. За жал, сето тоа оди на политиката на запирање на децентрализацијата, на кочење на економскиот развој.

Вчера не го прифативте амандманот да давате по 99 години земјиште на општини или на градот Скопје и општината потоа да менаџира, туку да го даде на 98 години, да го даде на неком. Јас ве уверувам способните градоначалници кои ги има во Македонија од сите политички партии ќе знаат тоа да го искористат, бидејќи полесно менаџираат, поефикасни се отколку министерот кој треба да води грижа за 80 и кусур општини, па за по 200 локации од секоја општина, па уште за времените објекти треба да мисли наместо да се посвети општината на развојот она што е по Европската повелба основна стопанска гранка на општината е земјиштето за да може да има школство, здравство, да има сервиси и социјална политика што ќе ја води на локално ниво.

Во целата таа импровизација која мислам дека е погрешна, тоа е во преодни и завршни одредби го имате Државниот завод за геодетски работи. Мислам дека законот го сменивме се вика Агенција за катастар на недвижности. Мислам дека Државниот завод за геодетски работи не постои. Самото Министерство што го предложило законот не знае дека го сменил законот во целата трка 24 јуни веројатно Владата, бидејќи е мераклија на празници, ќе го избере за најплоден ден во својата работа. Помина 76 закони во еден ден. Тоа треба да се пресмета да се види колку време требало за еден закон и затоа се случуваат вакви работи. Сега тука нели некој ќе се грижи, а не постои таа инситуција.

Она што е посебно опасно во преодните и завршните одредби член 53 “стекнатото корисничко право врз земјоделско земјиште, согласно пропишаните прописи престанува со донесувањето на урбанистички план или урбанистичкик проект. Или да појаснам. Имате земјоделец кој си купил концесија на земјоделско земјиште на 10 години. За жал, се проширила зоната, мислам на градежната и за тој дел се урбанизирал. Што ќе се случи со неговите права на тоа земјиште. Каде тој ќе се жали. Каде тој ќе побара правна помош. Кога ќе се прошири градежното земјиште, еве да земеме пример во некоја општина, со деталниот урбанистички план тоа ќе се објави во Службен весник на општината. Државниот завод за геодетски работи што сте напишале, а што не постои, претпоставуваме дека нема увид во сите службени весници на сите општини, не ги пребарува, сигурно, но бидејќи нема механизам како тој да дознае, тој можеби пак ќе му ја продолжи концесијата на земјоделското земјиште. Нема правен лек. Еден земјоделец што зел под концесија на 10 години нива сега некој да му ја земе, а да не знае како да се одбрани.

Затоа останува дилемата зошто Владата не ги послуша општините, не отиде во прилог на барањата на сите општини не од една политичка партија, туку на сите општини, на сите граѓани и направи еден закон кој реков ќе биде масовен извор на корупција со кој веројатно и во иднина ,многу пати ќе покажуваме прст за многу примери кои, за жал, ќе се случат во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе, колеги пратеници.

На почетокот на мојата реплика сакам да му се заблагодарам на колегата за така сеопфатната анализа која ја направил на еден мошне битен закон и сакам во одреден дел да реплицирам во насока на тоа што не се согласувам со претходно искажаните дискусии кои ги презентираше.

Имено, во делот на образложението каде кажа дека на овој постоечки закон му фали стручност, дефинирање на градежното земјиште, јас сосема понаку мислам затоа што една од причините поради кои се предлага донесувањето на новијот закон за градежно земјиште е заради тоа што се укинати поголем број на одредби од постоечкиот закон со Одлука на Уставниот суд на Република Македонија и како причина може да биде престанувањето на важење на одделни одредби од Законот за приватизација и Законот за градежно земјиште во државна сопственост.

Инаку, околу анализите кои почитуваниот колега ги направи како овој закон понатаму ќе се имплементира со неговото донесување, веројатно она што го искажа на говорницата е негово размислување како тој би го имплементирал овој закон, а јас лично ценам дека имплементацијата на законот ќе биде исклучиво онака како што ќе биде пропишано во членовите на овој закон со чесни, искрени намери, а не со намери кои беа

изнесени на говорницата затоа што има сериозни проблеми во реалноста и во реализацијата на постоечкиот закон.

Исто така не се согласувам со она што беше искажано дека ако на една парцела се изгради некаква шупа, па демек ќе се оствари можност на личноста која изградила да земе одредена парцела, јас можам само едно да му потенцирам дека во локалните општини има сериозни проблеми околу објектите кои ги имаат граѓаните и дека мора да биде внесено во законска рамка постапка и начин како тоа да се спроведе се со единствена цел граѓаните да можат да си ги легализираат своите објекти, да можат граѓаните да живеат еден пристоен живот, што всушност е наша цел и заложба како нивни избраници во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Ќе ме уверевте дека те го прочитале законот и ќе ми дадевте аргументи за она што јас го зборував. Во законот ниту е дефинирано градежното земјиште, ниту како се доделува. Ме интересира ако имате аргументи посочете ги членовите во кои е тоа направено, дека е овде дефинирано градежното земјиште, немате закон во Европа, јас ви велам, каде нема поглавје за дефинирање на градежното земјиште, за процедурите за правила на добивање на право на градба, на видовите на градежно земјиште, значи ви фали цело поглавје, цела прва страница. Проверете ги сите европски закони немате дефиниција што е државно градежно земјиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе.

Еве ќе почнам од таму каде господинот Макрадули пред малку заврши во член 3 вели градежно земјиште во смисла на овој закон е изградено и неизградено земјиште планирано за градење со просторните и урбанистичките планови и со урбанистичките проекти согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Значи, дефиницијата постои. Веројатно врз основа на тврдењата кои ги кажа господинот Макрадули можеме да тргнеме со претпоставка дека и другите тврдења се базирани или не се базирани на реални постановки.

Искрено да ви кажам многу ми се допаѓаат овие идни црни сценарија. Тоа го слушам веќе две години од колегите од опозицијата и постојано во Собранието на Република Македонија функционираме со тоа знаете како ќе биде. Сега е ВМРО на власт, ќе биде најлошо. Ќе биде најбезобразно, најкриминално и постојано тоа го слушаме, но исто така сум среќен поради тоа што ништо од тоа не се случува. Само ќе потсетам на фактот дека во две години откако е ВМРО ДПМНЕ на власт државата со непосредна спогодба нема продадено ниту една единствена парцела. Тоа е прва работа.

Втора работа, во Законот е избришана можноста да се продава градежно земјиште врз база на инветициони програми. Ќе ве потсетам, кога СДСМ продава земјиште го продава по цена од 25 евра. Кога ВМРО ДПМНЕ продава градежно земјиште на истата локација се достигна цена од 410 евра. Повелете објаснете во што е разликата.

По натаму стана збор за објекти од јавен интерес. Со многу закони господине Макрадули во Република Македонија е објаснето кои се објекти од јавен интерес. Постојат дефиниции. Ако малку повеќе се продлабочите ќе ви стане многу јасно кои се тие закони. Станува збор за објекти театри, музеи, брани, водоводи итн., ве молам консултирајте се, ќе си дознаете.

Понатаму, се обидувате да коментирате за верските објекти во Република Македонија односно за правото државата со непосредна спогодба да дава локации за изградба на верски објекти и тоа го направивте како да е најголема негативност на целиот закон. Само ќе ве потсетам дека во Република Македонија таквата можност постои повеќе од 10 години. Следните 10 години кога станувало збор за изградба на верски објекти државата имала право да ги дава со непосредна спогодба на верските заедници. Што мислите сега за изградба на црква за локација треба да се распише тендер на јавно наддавање, па да видиме која црква повеќе ќе даде за да се изгрди тука мислам на српската, грчката, итн.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Па добро, како и по обичај со многу лаги и невистини.

Јас се уште тврдам дека во законот ниту е уредено дефинирано градежното земјиште, ниту условите за негово прогласување, нити градежна парцела нити прогласување. Просторниот план што го носи Собранието не се однесува само на државното градежно земјиште, ама тоа е друга непознаница.

Ако вие не правите корупција, па зошто тогаш организирате тројки за да гледате кој од ВМРО ќе краде. Зошто тогаш Мартин Протуѓер организира тројки ако вие не сте по корупцијата. Си знае какви сте и затоа ви ги организира тројките. А проблемот со црквата главната негативност знаете што е. Зтоа што поделивте трета награда на црква што не гледа на запад, но тоа само ВМРО може.

**Трајко Вељаноски:** За збор се јави господин Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги пратеници,

Бидејќи ова е мое прво обраќање во овој состав на Парламентот, најпрвин би сакал на сите вас да

ви го честитам пратеничкиот мандат и да посакам успешна работа.

Долго време размислував дали воопшто треба да се јавам за дискусија по овој закон, меѓутоа, поголемот број од пратениците знаат дека во претходниот пратенички состав јас бев претседател на Комисијата за транспорт, врски и екологија кога дискутиравме по овој закон и тоа на повеќе наврати со повеќе институции во државата и мислам дека беше ред да се јавам и да кажам што мислам по овој закон.

Најпрвин бев навистина изненаден зошто толку брзање при носење на овој закон и кога сите оние пратеници кои го погледаа ќе видат дека во овој Предлог закон за градежно земјиште мораше и требаше да се уредат односите во земјишната политика, но морам да констатирам, за жал, дека воопшто не се надминати огромните слабости на постојниот закон. Постојниот закон е донесен во 2001 година, меѓутоа, истиот знаеме дека резултира со блокада на реализација на основното право на грдежно земјиште, а тоа е почитувани пратеници правото на градење и се се врти околу тоа.

Затоа навистина не можам да разберам зошто така еден важен закон го носиме по итна постапка, без преходно да го уважиме мислењето на голем број на институции во Република Македонија, голем број на експерти од оваа област и ако ги послушавме сигурно ќе добиевме или ќе го подобревме квалитетот на овој закон.

Искрено се понадевав дека во овој нов состав на Парламентот нема да работиме само на исполнување на нормата при носење на закони, без при тоа д ане внимаваме на квалитетот на носење на законите. Но, парламентарното мнозинство е тоа, вие имате 63 пратеници, ваша е одлуката како ќе работиме, но се разбира но и одговорноста.

Моја обврска е да предупредам на последиците од ваквиот пристап, но истовремено и да сторам се што е во моја можност, како одговона опозиција, да го подобриме регулирањето на оваа исклучително важна материја. Имено, секој вид на градење и реализација на секоја инвестиција се спроведува низ фазата на уредување на имотно-правните односи во градежната парцела и низ обврските и процедурите за уредување на градежното земјиште. Тоа значи дека Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење се спроведуваат во стварност со помош на Законот за градежно земјиште. Меѓутоа, ниту во постојниот Закон, од 2001 година, ниту во предложениот текст на законот воопшто не е обработена можеби најважната нормативна материја што ги третира стварните, просторните, земјишните, инжињерските, управно-правните и сопственичките начела, обврските и процедурите за реализација на основното право што произлегува од градежното земјиште, заради што всушност и постои, а тоа е правото на градење.

Почитувани колеги,

Иако во Законот на почетокот добро се наброени основните начела на кои почива законот, сите оние кои добро го прочитале или прегледале, ќе видат дека ниту едно начело не е до крај спроведено или инплементирано. Сметам дека во овој Предлог-закон недостасуваат цели поглавја што мора да бидат уредени. За овие работи зборував на Комисија, ред е и овде повторно да ги кажам, заради тоа што навистина жалам што не се вградени во овој Предлог на закон.

Сметам дека во законот не смее да недостасува, еве, да почнам токму од таму од каде што беа репликите.

Дали навистина постои дефиниција за градежно земјиште. Тврдам дека не. Не постои.

Не постои дефиниција за градежно земјиште и условите за негово оформување и прогласување. И, тоа е така и никако поинаку. Очекував заменикот министер тоа да го каже.

Во законот не смее да недостасува поглавје за видовите на градежно земјиште. Нема ниту збор. Или пак за различните права и обврски што произлегуваат од делбата на видовите на градежно земјиште. Во овој Предлог на закон нема ниту збор за единици на градежно земјиште и услови за оформување и прогласување на градежнат парцела. Да не зборувам за заштита на целината на градежната парцела наменета за градежното земјиште, особено во делот на планирањето и се разбира, во правниот промет и во наследувањето, каде имаме огромен број на пробелми.

И, се разбира, морам да напомнам, ако тоа беше регулирано во овој закон, тогаш немаше вчера да се случи да трошиме време за тоа дали општините во Република Македонија имаат право да купуваат или да бидат сопственици на градежно земјиште.

Во законот не смее да нема поглавје за стекнување на правото на градење, сопственичко оформување на градежна парцела. Општото, посебното, приоритетното право на откупување на градежното земјиште, воопшто не е обработено. А, тоа е дел што допрва, ние мораме да признаеме дека сега, во овој момент ни прави сериозни проблеми во Република Македонија. Тој проблем постои одамна. 19 години Република Македонија се соочува со тој проблем. Моравме во овој закон да го регулираме тоа.

Или, што да кажам за надоместокот за употреба на градежно земјиште или градската рента? Каде во кој закон ќе ја регулираме таа работа. Да не зборувам за надлежностите, правата и обврските за уредување на парцелираното градежно земјиште наменето за градење на објекти.

Во предложениот закон, почитувани колеги повеќе области не се обработени, отколку оние што се обработени.

Но, поради тоа, иако можеби е доцна, сепак сакам да апелирам до заменикот министер, велам до колку не е доцна, да го повлече законот и да се врати на сериозно дополнување и преработка и

истиот да оди во две фази. Сите овие забелешки што ќе ги дадат колегите пратеници, едноставно да ги слушант подготвувачите или предлагачите на еден ваков закон.

Понудениот текст на Предлогот на законот обилува со грешки што ќе донесат или придонесат за дерегулирање на целата област на уредувањето на градежното земјиште. Сакале или не, мора да признаеме дека овде имаме класична централизација на власта.

Има многу примери, но јас ќе искоментирам само неколку, особено оние што беа дискутирани од колегите пратеници вчера во расправата и во репликите. Би тргнал од член 1 каде што законот започнува со непотполна и погрешна дефиниција за предметот на законот.

Во членот 3, во овој член  предлагачот дава апсолутна погрешна дефиниција за градежното земјиште. Градежното земјиште, почитувани колеги не се планира. Точно е она што го кажа господинот Макрадули, не се планира во просторните планови, туку само во урбанистичките планови. Просторен план во Република Македонија, на крајот на краиштава сите знаеме дека еден.

Во членот 4, во овој член се зборува за право од градежно земјиште, но не се споменува правото на градење со што се промашува целата смисла на законот.

Или, земете го членот 6 за кој што се водеше сериозна дискусија. Предлагачот. според овој член, предвидува еден би рекол невиден апсурт, и можеби токму затоа поедини пратеници беа вчера збунети и не можеа или не сакаа да разберат дека секој во светот може да биде сопственик на градежно земјиште во Република Македонија, буквално секој, освен единиците на локалната самоуправа, освен општините кои според Уставот се единствено надлежни за уредување на градежното земјиште. Замислете апсурд. Тоа е апсурд што велам, ќе се повторам, веќе деценија ги уназадува населените места и градовите во Република Македонија. Јас очекував и заменикот министер да интервенира, да се јави вчера и да го појасни тоа, не заради нешто друго, туку залудно да не трошиме време на тоа, бидејќи тоа е така. Очекував да каже не зошто сите домашни ии странски, физички и правни лица имаат право, и јас велам дека е тоа добро, имаат право да купуваат градежно земјиште во Република Македонија, туку д аобјасни зошто општините во Република Македонија не можат да бидат сопственици на градежно земјиште. А тоа е така, единствено заради тоа што според нашето законодавство, за да го уредиш просторот мора д аго псоедуваш. Тоа сите го знаеме. А, знаеме дека прв чин при градењето е откупот. Навистина очекував тоа да се објасни, особено оние кои не можат да направат разлика дека градежното земјиште не е сопственост, туку е статус.

Според членот 8, почитувани колеги, веројатно Министерството сакало да го уреди прометот со градежното земјиште. Но, за волја на вистината, никаде не успеав да го најдам, каде и како се утврдени вистинските услови за промет на градежното земјиште. Членот е повеќе од лош, заради тоа што голем број на колеги пратеници, претпоставувам дека или учествувале во комисии или биле советници, дел од нив биле и градоначалници. Сите знаат дека членот е лош заради тоа што сите улици и градови и села, дека улиците се објекти од јавен интерес кои, спорд Уставот, може да ги гради само локалната самоуправа, но според овој член, практично таа не може да го откупи земјиштето. Зошто, едноставно заради тоа што предлагач на експропријација може да биде само оној кој плаќа.

Да искоментирам нешто и за членот 10, каде што на мала врата, повторно и во овој закон, се воведува категоријата на времени објекти кои навистина, сите мораме да признаеме дека се коруптивна градба, по дефиниција.

Времените објекти не постојат во системот на планирање и уредување на градежното земјиште. Па, ако не постојат, никој не смее да ги планира. Како тогаш некој се обидува да ги регулира? Времените објекти се непосредно спротивни на Уставот, заради тоа што се спротивни на режимот на користење на градежното земјиште, утврдено со Урбанистичкиот план.

Почитувани колеги, вчера можеби никој не го спомна членот 14, меѓутоа во ставот 2 се уредуваат законски рамки за арбитирање, дискреција и поставуваат токму она што го зборуваше и господинот Макрадули, навистина, можеби не максимален, меѓутоа основ за корупција, при сосема произволно оттуѓување на македонската земја, без никаква јавна процедура.

Зошто процедурата  да не биде јавна? Најдрастичен пример за тоа е, се разбира, алинејата 4 со што се дозволува оформување или предвидува, сосема сеедно оформување на градежна парцела на лице кое има повеќе од 30% од градежната парцела. Ваквото решение во пракса, мислам дека ќе донесе повеќекратни злоупотреби. Според мене, логично би било да во ваков случај лицето поседува 51% на парцелата, меѓутоа така е како е.

Бидејќи јас сум православен верник, многумина од нас знаат тоа, кога прочитав во Законот дека градежното земјиште, сопственост на Република Македонија, може со непсоредна спогодба да се даде за потребите на верските заедници за изградба на верски објекти, предвидени со урбанистичките планови, реков дека тоа апсолутно не е добро. Смтам дека тоа не е добро, без разлика дали се работи за црква, дали се работи за џамија или се работи и за едно и за друго. Па, нели црквата е одвоена од државата? Или, овде се работи за остварување на конкретна цел?

Во членот, сега до вас заменик министер, членот 43, со овој член се воведуваат времените објекти и тоа на плански опфати на урбанистичките планови на неизградено градежно земјиште и тоа како дискреционо право на Владата. Тоа е

противуставно господин заменик министер, со плановите не се предвидени времени објекти, а тоа земјиште, според Уставот, го уредува исклучиво локалната самоуправа.

И, да не должам многу, почитувани колеги, кога вчера разговаравме меѓу нас дали ќе поднесам амандмани на овој закон, реков не. Заради тоа што ниту со 5, ниту со 10, ниту пак со 20 амандмани верувам дека може да се поправи концепски погрешен закон. Меѓутоа, особено ако тоа не се сака.

Се надевам дека сите овие работи што ги кажав беа во функција да во иднина не носиме вакви закони. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Димеска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам почитуван претседателе.

Само една кратка реплика, да се заблагодарам на почитуваниот колега за она што го потврди за да слушне целата јавност, дека во членот 2 е дефинирано со дефиниција што всушност претставува градежното земјиште и покрај тоа што истиот колега кажа дека оваа дефиниција е погрешна, јас ценам дека е добро формулирана формулацијата за градежното земјиште.

Би сакала да потенцирам уште една работа, исто така за македонската јавност дека, она што беше кажано во насока на ализата на членот 10 што се однесува за времените објекти, сакам да кажам дека времените објекти се работа со која што сме се затекнале, се затекна оваа Валда и добро е што сега, во овој предвиден закон, истите законски се регулираат. Јасно и недвосмислено, во членот 10 е кажано дека времениот објект не е дел на градежното земјиште и врз основа на времен објект не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Мукоски Крсто, повелете.

**Крсто Мукоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Бидејки и јас прв пат се јавувам за збор, на почетокот сакам да ви го честитам мандатот, на претседателот и на колегите мои, пратеници и посакувам успешна и плодна работа во иднина.

На почетокот би почнал со мала реплика на претходните говорници од СДС и на најболната точка и прашање што се задржавме вчера преку поднесување на амандмани, а тоа е недавањето можност на општините да располагаа со градежното земјиште.

Начелно се согласувам со тоа дека во иднина тој принцип треба да се воведе и градежното земјиште да се даде на располагање на општините. Меѓутоа, тоа е една страна од медалот.

Од другата страна на медалот, мислам дека треба да се направи една посеопфатна анализа и тоа преку институциите на системот и пред се преку единицата на локална самоуправа, ЗЕЛС, во која мерка и кои општини се подготвени да располагаат со државното земјиште. Да не ни се случи да влеземе во еден процес во кој државата ќе ги предаде правата на општините, меѓутоа многу потешко ќе можеме да спречиме одредени злоупотреби со тоа земјиште и да ги санкционираме.

Накратко, би се задржал на два моменти, од причините зошто го носиме овој закон.

Прво, неминовно е носењето на овој закон заради тоа што со носењето на законот од 2001 година, со укинувањето на одредени одредби од Уставниот суд и со носењето на Законот за приватизација и закуп на градежното земјиште, мора да се донесе нов закон што ќе ги инкорпорира овие недостатоци.

Со носењето на новиот закон пред се се носат одредени новини како принципот на јавност и транспарентност, се одредуваат начините на кои можат да се отуѓи градежното земјиште во сопственост на републиката, се одредуваат дополнителни можности на кои градежното земјиште ќе може да се даде на одредени странски правни и физички лица, што не гледам ништо лошо во тој дел.

Новини се донесуваат во делот на издавање на закуп на минимално пет години и максимално 99 години со што се дава дополнителна рамка и одредена сигурност на тие што ќе го вршат закупот.

Се определува рокот за градење на објектите од прва и втора категорија на десет години и на трета и четврта во рок од три години итн, итн, со што мислам дека овој закон ќе ги инкорпорира сите недостатоци кои што беа во претходниот закон и сите одлуки што без укинати од Уставниот суд со донесувањето на Законот за приватизација и Законот за градежно земјиште. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Почитуван претседателе.

Би сакал многу накратко во насока на подршка на предложениот текст на законот да изнесам одредени видувања за кои што ценам дека е потребно да се кажат. Иако терминолошки пред нас е законот по итна постапка сепак ќе се согласите особено колегите од минатиот парламентарен состав дека овој закон и овој текст со одредени измени е пред нас веќе подолго време. Она што сакам да го поздравам посебно претставникот на Владата што успеа дас најде сила да прифати голем дел од амандманите од опозицијата и со тоа да го облагороди текстот на законот, да му даде тежина и се надевам дека колегите од опозицијата се задоволни што оние забелешки што беа од нивна страна издржано предложени се прифатени. Така да текстот на законот во голема мерка го креиравте и вие.

Она што е посебно значајно во овој текст односно овој закон е она што за прв пат можеби се

овозможи целосен слободен промет со градежното земјиште. Она што сакам да го потенцирам е што за прв пат Република Македонија се вклучи во семејството на европски држави кои што немаат никаков комплекс во однос на тоа дали градежното земјиште може и треба да биде во сопственост на странски и физички правни лица. Ако цела Европа стреми кон тоа да се направи една глобализација редно беше и Република Македонија со еден ваков чекор да се приклучи во ова семејство и да овозможи странците да бидат сопственици на градежно земјиште. Сметам дека сомневањата искажани од страна на пратениците на опозицијата заради нетранспарентност, евентуалната нетранспарентност, евентуалната злоупотреба многу полесно ќе се елиминираат со самата можност странците да бидат сопственици. Кога овдека ќе имаме заинтересирани физички и правни лица од типот на големи светски компании тогаш ќе се согласите дека било кој лош министер од Владата на Република Македонија  нема да може да го оствари тоа. Меѓутоа има уште една работа која цело време се провлекува низ сите дискусии на колегите пратеници, а тоа е дека со овој закон се уредува начинот и водењето на постапката за доделување на земјиште. Додека управувањето, менаџирањето и понатаму останува во единиците на локалната самоуправа. Никој друг освен локалната самоуправа нема право и нема можност да урбанизира, да донесува детални планови, а со тоа да ја одредува и содржината на градежното земјиште. Тоа значи дека министерот, Владата или во крајна линија сите институции  кои што се должни да го спроведат, го спроведуваат само начинот што го зацртала  локалната самоуправа и тука немојте да барате коруптивност. Коруптивноста за жал, како изворен елемент може да лежи само во локалната самоуправа, доколку некој градоначални се дрзне да направи урбанизација по мерка на некого, доколку некој градоначалник или локална самоуправа, совет се дрзне да направи предлог на детале план за дооформурање на градежна парцела по мерка на некого. Тука лежи основата на стравот на коруптивноста и нетранспарентноста. Прашајте доколку се сомневате од каде потекнува сето ова. Прашајте го Народниот правобранител, најголемиот број од преставките се однесуваат на Министерството за транспорт и врски, а процентуално ако не најголем, меѓутоа во голем дел учествуваат предметите за дооформување на градежните парцели затоа што урбанизацијата во старт се прави на штета на некого или да не речам во корист на некој друг. Затоа сметам дека единиците на локалната самоуправа немаат никаква реална причина да се плашат од било какви импликации од овака донесен закон. Напротив сметам дека градоначалниците и советите на општините кои што знаат успешно да го планираат просторот, градежното земјиште, кои што знаат да менаџираат ќе најдат само позитивни страни, а со тоа и позитини ефекти од имплементацијата на овој закон. Она што треба да го поздравиме што за прв пат во овој предлог на закон 40% од средствата обезбедени од продажбата на градежното земјиште одат во буџетот на локалната самоуправа. Досега приходот во 100% одеше во Буџетот на Република Македонија . Дали тој процент од 40% е доволен или не, јас не би навлегувал, меѓутоа како процес го поздравувам затоа што верувам дека со овака предложен текст на законот многу бргу би требало да следи и да следат други измени во насока на целосна децентрализација. Како во постапката за доделување, така и во финансиските ефекти кои што ќе ги имаат локалната самоуправа. Убеден сум доколку овој закон добро се имплементира ќе биде кратко времето кога целосно ќе се предата надлежностите во рацете на локалната самоуправа. Меѓутоа да не заборавиме дека освен текстот на законот потребни се и луѓе, потребни се и институции кои што ќе го имплементираат начинот на продажба на градежното земјиште. Мое мислење, слободно мислење е дека единиците на локалната самоуправа кои што неодамна ги добија ингеренциите во областа на урбанизмот. сеуште тие кадровски не се доволни екипирани и намаат доволно искуство ниту пракса за да можат наеднаш да одговорат на голем број на предмети кои што ќе се јават околу градежното земјиште.

Сметам дека после целосното завршување на промените и реформите во катастерот, после поминување на одреден период на имплементација на овој закон кога и самата локалната самоуправа ќе успее и кадровски да одговори на било кој предизвик поврзан со продажбата или управувањето со градежното земјиште ќе биде доволен мотив да можеме многу бргу, се надевам уште во овој состав, да донесеме и друг закон, повторно ќе речам, ќе биде целосна децентрализација во поглед на ингеренциите на градежното земјиште односно државата конечно сето ова да го префрли на локалната самоуправа.

На крај би сакал само да потенцирам еден момент кој што мислам дека непотребно, не знам дали свесно или несвесно се наметна во дискусиите, а тоа е правото на сопственост на градежно земјиште од страна на локалната самоуправа. И сега во законскиот текст за потребите и фнкционирањето на локалната самоуправа може единицата на локалната самоуправа да добие градежно земјиште на кое што ќе остварува односно ќе гради објекти за потребите на сопствените функции по долготраен закуп. Меѓутоа, ако сметате дека треба да се добие сопсветност од страна на локалната самоуправа за веднаш тоа да го продаде тогаш зборуваме за една многу кратка временска дистанца која не знам каков бенефит би донела на локалната самоуправа. Ако сметаме дека треба да се овозможи давање во подзакуп на градежно земјиште сметам дека навлегуваме во еден простор каде што, сега ќе ми дозволите со вашиот речник, тогаш да се отворат поголеми

можности за корумптивност. Бидејќи давањето на подзакуп значи дека некој што го добил под закуп треба да го даде на трето лице и мислам дека сето тоа претставува само услужување непотребно на постапката дека доколку ги тргнеме сомнежите за кои што јас не можам да ви помогнам да не се сомневате во одреден министер, да не се сомневате во Министерството, во институциите на државата само затоа што Владата моментално е од друга политичка гарнитура, дека траба да пријдеме позитивно кон овој закон и дека треба согласно имплементацијата од овој текст од овој закон во скора иднина да побараме целосна децентрализација од страна на државната власт. Со тоа мислам дека законот ќе ја постигне својата цел, за тоа мислам дека крајниот корисник, единицата на локалната самоуправа ќе може за кратко време да ги ужива сите благодети кои што се очекуваат од децентрализацијата на градежното земјиште и сите постапки околу вадењето и управувањето. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика за господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, јас знам дека вие треба да кажете некој добар збор за овој предлог закон и тоа е во ред. Меѓутоа, ако постои архитект во Република Македонија кој што стои зад понудените решенија во овој закон, еве го и заменикот министерот овде, вие или било кој друг ќе излезе од оваа говорница и ќе каже дека овој закон е добар и дека стои зад понудените решенија јас ќе гласам за овој закон. Ви тврдам дека такво нешто нема. Што се однесува за она за што сакам да реплицирам е следново: објаснете им на граѓаните како е можно општините во Република Македонија да немаат право да градат улици, направивте разлика што е тоа пат, што е тоа улица, или поедноставно да го објаснам сето тоа ако едно земјиште за општа употреба како што е земјиштето за улици треба да се купи тогаш тоа може да го направи или Република Македонија, значи државата или општината. Државата не купува туку таа го поседува земјиштето, државата по сила на закон не може да гради улици, зошто? Заради тоа што апсолутно тоа не е нејзина надлежност, туку е надлежност на општината. Значи, ако треба нова улица или проширување на онаа што ја имаме денеска ние не може да биде проширена заради тоа што општината нема право да поседува, односно да купи градежно земјиште. И затоа улучните мрежи во Република Македонија ни се во оваа состојба во кои ни се. И тоа е така и никако не е поинаку. Сакаме тоа да го решиме со овој закон е една работа ако сакаме, друга работа е ако не сакаме. Ама тоа е така. И јас апелирам заеднички да го поправиме тоа, да дозволиме да уличните мрежи во Република Македонија профункционираат, да почнат да се прават нови улици. Вака како што е регулирано тоа не може да се случи и тоа го знаат сите планери, го знаат сите архитекти многу подобро. На овој начин ние го замрзнуваме развојот во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господин Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам

Многу накратко колку што го разбрав почитуваниот колега станува збор за јавно прометни површини и тоа локални улици. Локалната самоуправа е обврзана да гради локални улици и патишта. Меѓутоа она што не успеав да го разберам е доколу постои потреба од проширување на било која сообраќајница како што наведовте, доколку е потребно да градат нови улици, доколку тоа е на државно земјиште тогаш нема да има никаков проблем. Впрочем и досега локалните самоуправи ги изведуваат сите структурни објекти и нема никаков проблем. Овој закон не носи никаков нов момент. Доколку се работи за приватно земјиште кое треба да биде предмет на проширување на сообраќајница тогаш јавниот интерес е и тогаш се постапува согласно законот. Така што мислам дека темата на овој закон не се однесува на она што вие го кажавте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Уште еднаш би сакал на почетокот од своето излагање да го изразам своето жалење што неколку значајни закони овој собраниски состав ќе ги донесе овака по итна постапка без да можеме добро да ги проучиме предложените законски решенија и без да можеме да ги согледаме сите последици кои што во праксата ќе се јават при практичното спроведување на одредбите на законот. Бидејќи се работи за Закон за градежно земјиште обврската на нас пратениците е уште поголема бидејќи согласно Уставот и законите ние сме тие што треба да вршиме контрола на работењето на Владата, а преку законите што ги донесуваме поголемо внимание посветима на тоа на кој начин оваа контрола е предвидена да се врши според законските одредби. Очекував овој закон, предлогот на закон Владата кој што го има доставено до Собранието да биде многу појасен, поконцизен, попрецизен и на некој начин да ја зголеми тренспарентноста отчетноста и постапките околу стопанисувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија. За жал, добивме сосема спротивен предлог од Владата во кој што правата на министрите на Владата до таа мера се зголемени што буквално тие можат што сакаат да прават при стопанисувањето со градежното земјиште во составот на Република Македонија и тоа треба сите да не загрижува пред се органите што се надлежни за контрола на работата на министерствата и Владата, еден од нив е Собранието, Државната комисија за спречување на корупцијата, сигурно тука е и Јавниот

обвинител. Јас се надевам дека некој ќе покрене постапка пред Усатавниот суд околу овој закон, пред се очекувам тоа да го направи Здружението на единиците на локалната самоуправа бидејќи со одредени законски одредби во овој закон директно се одземаат дел од надлежностите од локалната самоуправа. Одредбите од типот министерот или органот надлежен за управување со градежно земјиште да ја одобрува програмата за поставување на времени објекти или да ја одобрува програмата за поставување на урбана опрема, мислам дека е најспротивна со Законот за локалната самоуправа, а знаеме дека тој закон е системски и се носи со двотретиско мнозинство овде во Собранието. Не може едноставно министерот да и кажува на некоја општина каде ќе постави лулашки, каде ќе постави клупи, каде ќе постави фонтана или како ќе уредува одреден простор. Тие се изворни надлежности на единиците на локалната самоуправа, а сега замислете Советот кој што го бирале граѓаните градоначалникот кој што исто така е избор на непосредни избори носат програма од таа општина и програмата треба да ја достават до министерот кој што е биран од Собранието да ја одобри да им каже каде можат да си ги постават клупите, лулашките, фонтаната или да постават киоск, итн. Тоа е директно кршење на одредбите од Законот за локалната самоуправа и се надевам дека градоначалниците и советите ќе покренат постапка пред Уставниот суд за оспорување на овие одредби од овој закон.

Други слабости за овој закон за кој што за дел од нив дебатиравме и во текот на вчерашниот ден е според мене и членот 6, каде што е предвидено дека градежно земјиште може да биде во сопственост на Република Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица со услови утврдени со овој и друг закон. За мене во овој момент сеуште е неприфатливо на странците да им се даде право да купуваат земјиште во трајна сопственост во Република Македонија. Можеби ова би можело да се примени кога Република Македонија ќе стане полноправна членка на Европската унија или на НАТО, но во овој момент сметам дека оваа одредба е многу погрешна и при тоа треба да се води строга контрола на кој начин странците и кое земјиште ќе им се дава. Но законот тоа не го пропишува.

Значи треба да се внимава во ситуација кога имаме спор да ограничен ресурс на земјиштето во моменти кога имаме отворени конфликти со некој наши соседни земји. Замислете тие си воведат своја стратегија имајќи законот масовно да купуваат земјиште во Република Македонија и да станат сопственици на тоа земјиште.

Затоа сметам дека не сме спремни на странците да им дадеме право во Република Македонија да купуваат земјиште во сопственост во овој момент. Пак ќе кажам можеби кога ќе станеме членка на НАТО или на Европската унија може да размислима за вакво нешто, но во овој момент на сме спремни ова да го прифатиме.

Други слабости на овој закон би сакал да ги кажам и одредбите коишто се однесуваат околу непосредните спогодби.

Министерот кој што го води ресорот за транспорт и врски има големи надлежности да склучува непосредни спогодби во многу случаеви. Но знаете овде во законот не е регулирана постапката по која цена макар и минимална министерот за транспорт и врски ќе може да го дават земјиштето со непосредна спогодба. Добро ќе беше да стоеше дека не може да биде помала од реалната пазарна вредност на тоа земјиште. Вака само дека министерот за транспорт и врски има право да го дава земјиштето со непосредна спогодба или долготраен закуп без..

(претседателот ги смирува пратениците со ѕвончето)

Без да се утврдат минималните услови под кои таа може да го прави е големо дискреционо право и отвара големи можности за злоупотреба на службената должност. Значи требаше да се направат критериуми по кои што мора да се почитува правото на непосредна спогодба, минимална цена под кои услови и како.

Друга слабост на овој закон е недавањето право на единиците на локалната самоуправа или на општините, земјиштето да го менаџираат или да биде во нивна сопственост па дури и ако сакате ако им го дадат во долготраен закуп да можат да го даваат понатака е во под закуп. Тоа може да се прави само доколку земјиштето е наменето за гробишта и во ниеден друг случај. Ако дозволуваме странци да ни купуваат земјиште да го земаат по долготраен закуп, понатаму да градат на него објекти, да го оптоваруваат со некои права, да тргуваат со него, зошто тоа не можат да го правата единиците на локалната самоуправа ако сакаме навистина да им дадеме шанса на сите градоначалници да покажат колку реално се способни да се грижат за економскиот развој на својата општина и да привлечат инвеститори во својата општина. Голема слбост на овој закон е и таа одредба.

Исто така и процентот на распределба на средствата коишто ќе се обезбедат од купување на земјиштето е предвидено 60% од тиа пари да одат во буџетот на Републиката и 40% за општината. И тука не покажа волја владеачкото мнозинство да го зголеми процентот и да им ја олесни работата на општините.

Како слабост на законот што ќе создаде големи пречки во неговата практична примена се и одредбите кои што се однесуваат на долготрајниот закуп. Значи, правото на долготраен закуп на градежно земјиште во членот 26 стои дека земјиштето може да се опровари со службеност, заложно право и реални товари. При тоа е предвидено долготрајниот закуп да биде најмалку 5, најмногу 99 години. Што ако пред истекот на 99 години оној што го зел земјиштето од долготраен закуп го оптовари со одредени права, товари и службеност. Кој потоа ќе ги враќа тие хипотеки. И тоа не е регулирано овде во законот. Имаме практичен пример, ви истекува долготрајниот закуп, немате право по втор пат да

го земете земјиштето по долготраен закуп и ќе го оптоварите. Кој ќе го контролира. Требаше да стои во членот најмалку 5 години пред истекот на долготрајниот закуп дека не може да се оптоварува со некои товари тоа земјиште. Значи и тука имаме големи пропусти при спроведувањето на овој закон. Затоа сметам дека реШенијата коишто се предвидени во законот и кога ќе дојде неговата практична примена ќе создадат многу проблеми во државата. Ќе се создаде можност со непосредни спогодби земјиштето да се дава на луѓе блиски до владејачката партија. Притоа, дури не е утврдена ни минималната цена. На општините им се ограничуваат многу права коишто ги имаат и навистина овој закон не треба Собранието да го подржи, туку да донесе заклучок дека треба да се врати на доработка во Владата на Република Македонија. Благодарам.**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи веќе нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам законот на гласање, ги повикувам службите да утврдат точен број на пратеници.

Во салата се присутни 61 пратеник и Собранието може полноважно да одлучува.

Предлогот на законот го ставам на гласање .

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за гласаа 59, воздржан еден, против тројца.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија. да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан?(нема)

Кој е против?(нема)

По Предлогот на законот вкупно гласаа 63 пратеници, од нив за гласаа 59 пратеници, воздржан е 1 пратеник, 3 пратеници се против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за градежното земјиште.

Пред да преминеме на точката 22, ја прекинувам седницата и продолжуваме во 13, затоа што од службите ми јавија дека има нови амандмани за да може сценариото да се подготви.

Значи продолжуваме со работа во 13,00часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,12 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 22 - Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за градење**

Предлогот на законот ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Андреј Петров поднесе амандман на член 37 став 2 за бришење на алинеја 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и Ѓорѓи Оровчанец поднесоа амандмани на член 1, член 5 став 1, член 6 за менување на ставовите 7, 8 и 9, член 9 за менување на ставовите 10 и 11 и на член 11 за менување на ставовите 7, 8, 9, 10 и 13 по кои Владата не се произнела.

Во меѓувреме пратеникот Соња Мираковска поднесе амандмани на член 4 за додавање нов став 3 по ставот 2, член 7 во новиот член 15-А ставовите 1 и 2, алинеја 2 и на член 24 став 3 точка 2, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски поднесоа амандман на член 23 став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

На самиот почеток би сакала да кажам дека овој исти закон беше, односно закон за градење имавме токму пред година дена доставен до Собранието, значи во јули 2007 година. Потоа беше ставен на дневен ред меѓутоа никогаш не стигнавме да дебатираме по него. Тогаш пратеничката група на ЛДП имаше поднесено голем број на амандмани од кои, сега читајќи го текстот гледам дека дел се вградени во него и тука сакам да ја изразам мојата благодарност затоа што сметам дека со вградувањето на тие амандмани во голема мера ќе се подобри текстот на законот и ќе се овозможи негова полесна имплементација.

За жал, дел од амандманите кои и тогаш ги имавме предложено не станаа составен дел на овој закон. Затоа јас ќе се обидам аргументирано да ги убедам пратениците од парламентарното мнозинство, да прифатат дел од овие амандмани, особено оние што се однесуваат за враќање на ингеренциите на Комората како еснавско здружение, што според мене е од големо значење и во голема мера ќе придонесе за децентрализација на надлежностите односно да немаме акумулација на ингеренции само во Министерството за транспорт и врски.

Конкретниот амандман се однесува на членот 1, став 2 каде вели - градбата се до нејзиното за пишување во јавната книга, не го читам целиот став ја читам последната реченица, а се однесува на тоа како настанала градбата и вели - градбата, се до нејзиното запишување во јавната книга на

недвижности, претставува прирасток и припадок на земјиштето. Ние предлагаме зборовите “прирасток” и “припадок” на земјиштето, да се заменат со - не завршена градба и му припаѓа на земјиштето. Тоа во суштина не го менува амандманот, но во секој случај сметаме дека е посоодветно и меѓу другото и овие термини како што се “прирасток” и “припадок”, не се одомаќинети кај нас ниту пак во стручната терминологија кога се однесува на проблематиката од градењето. Значи амандманот е во насока, суштински не менува ништо, но сакавме можеби да биде подобар, во духот на македонскиот јазик. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, за гласаа 5, воздржани нема, против 49.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали е некој воздржан? (Никој)

Дали е некој против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 54 пратеници, 5 за, нема воздржани, 49 против.

Пред да констатирам дали е прифатен амандманот, ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 58 пратеници.

Според тоа гласањето не е полноважно.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да се произнесеме по амандманот.

Бидејќи во салата се присутни повеќе од 61 пратеник, амандманот повторно го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, 6 гласаа за, нема воздржани, 50 против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, а кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали е некој воздржан? (Никој)

Дали е некој против? (Никој).

За амандманот гласаа 56 пратеници, за гласаа 6, воздржан нема, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

Ние овде бараме една лимитирана сума која ќе се однесува на надоместокот и велиме дека истиот не може да биде повисок од 300 евра во денарска противвредност затоа што сметаме дека е добро оваа цена да биде лимитирана и да не биде повисока од 300 евра. Со тоа нема да има можности за злоупотреба на вредноста на надоместокот кој треба да се плаќа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, за гласаа 10, воздржани нема, против 53.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Нема никој)

Дали е некој воздржан? (Никој)

Дали е некој против? (Никој).

По амандманот вкупно гласаа 63 пратеници, 10 за, нема воздржани, 53 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 7, поднесен од пратениците Роза Топузова-Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каревска, повелете.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам.

И овој амандман е во насока на ингеренциите кои треба да ги има Комората како еснавско здружение на архитектите и геодезите. Меѓутоа, за жал очигледна е тенденцијата со овој закон да се одземат ама баш сите ингеренции од страна на Министерството, на Комората и сите тие ингеренции да бидат акулулирани во Министерството за транспорт и врски. Навистина не знам зошто му е потребно на Министерството да оди до таму, апсолутно тенденциозно, не само што сака да и ги одземе ингеренциите на Комората на архитекти, туку сака да и ги одземе и средствата кои треба да се добиваат за лиценци, ние понатаму имаме поднесено амандмани во таа насока, и да ја остави без средства. Со самото тоа згаснува постоењето на Комората и Министерството за транспорт и врски може да прави што сака без да има барем, ако ништо друго, поделена одговорност, ајде да не речам контрола. Навистина не можам да разберам која е тенденцијата за уништување на Комората на архитекти. Ако тогаш, во тој момент добив некое образложение, кога се работеше за амандманите, од страна на министерот Миле Јанакиески дека претседателот на Комората не бил соодветен, мислам дека тоа ќе си го одлучат самите архитекти, луѓето од еснафот. Никој не е незаменлив. Ако е тој несоодветен, тоа ќе го увидат неговите колеги, ќе си изберат нов претседател на Комората, а затоа останува ист. Не значи за еден поединец, па еве дури и да е несоодветен, да носиме закон, да ги одземаме ингеренциите на Комората, да ја уништиме Комората, Министерството да ја има целокупната власт над се, дури и прибирање на средствата во Буџетот и потоа да зборуваме дека некогаш кога ќе има соодведтен претседател на Комората, што тогаш ќе се случи, ќе го смениме законот, или ќе се почне од почеток. Мислам дека пратениците во духот на демократијата ќе сакаат да го прифатат овој и амандманите што следуваат, дотолку повеќе што на други места, ајде бараме да се дадат ингеренции на Комората. Ако го погледнете претходниот закон, во членот 14, тоа што сега ние го бараме постоело. За жал, Министерството сега го одзема и од надлежност на Комората го пренаменува, значи Владата го одзема со овој закон и го пренаменува во Министерството за транспорт и врски.

Очекувам поддршка за овој амандман. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави заменикот министер за транспорт и врски, господинот Палоши, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам претседателе.

Гледам дека голем број од поднесените амандмани се во оваа насока, се однесуваат на делот на Комората на овластени архитекти.

Тука треба да кажеме дека од донесување на Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење, кои се донесени во 2005 година, со што се дава можност за основање на Комората на овластени архитекти. Таа Комора до ден денес не функционира. Се направи еден голем застој во издавањето на овластувањата и на лиценците за проектанти и за урбанистички планери, така што ние во овие две години бевме во непосредни разговори со претседателот и со членовите на Комората, во насока да изнајдеме начин таа Комора да почне да функционира за да почне да ги врши своите надлежности кои се предвидени со закон.

Треба да кажеме дека во делот на издавање на овластувањата за проектанти, од Законот за просторно и урбанистичко планирање, тие веќе работат на тоа, ние се обидовме со нив во што е можно пократок временски период да почнат со издавање на тие овластувања и се надевам дека набрзо тие ќе почнат со свое функционирање.

Размислувањата на Министерството се во насока дека Комората треба да биде таа институција која ќе ги даде сите лиценци и овластувања. Меѓутоа, поради неможноста, поради нефункционирањето на Комората во текот на овие две години, па сега е веќе и три години од донесувањето на законот, ние бевме приморани во Предлог законот за градење тие ингеренции да ги вратиме пак на Министерството за транспорт и врски за овој застој што се формира во овие три години, да можеме полека полека да го отстраниме, сите заинтересирани правни и физички лица да ги добијат тие лиценци и овластувања. Се надеваме дека Комората во догледно време ќе почне со функционирање, со издавање на лиценци. Затоа сме подготвени во еден краток период, доколку се се одвива така како што би требало да се одвива, таа Комора да ги преземе сите овие ингеренции и да почне со издавање на лиценците кои во моментот, еве со закон се предвидени во Министерството за транспорт и врски, не затоа што размислувањата на Министерството се дека ние треба да ги издадеме. Меѓутоа, верувајте во моментот, значи две и пол односно скоро три години не е издадена ниедна лиценца.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави госпоѓа Роза Топузова - Каревска, повелете.

**Роза Топузова - Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер, ова не го сметам за одговор. Дури и да е така како што вие кажавте, иако јас имам малку поинакви сознанија. Вие треба да направите напори и вашата релација да биде кон тоа оваа Комора да профункционира. Што сметате, дека со одземање на сите ингеренции, па и финансиски средства, ќе почне да функционира оваа Комора? Напротив ја уништувате и понатаму не може да застане на свои нозе.

Ние коа ги носиме законите ги носиме не за една употреба. Не можат законите сега да зависат од тоа дали Комората во овој момент функционира или не функционира. Ваше беше во овој период од три години да направите обиди да профункционира. Вака ако продолжите и не ги

прифатите и следните амандмани, Комората и да сака нема да може да функционира.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Во поддршка на амандманот и ние како пратеничка група имаме слични амандмани, бидејќи сметаме дека државата односно Министерството за транспорт и врски си прави уште еден закон во кој ќе си ги зголеми дискреционите права на штета на експертската фела која треба природно да се грижи за процесот и системот на градење во една поширока смисла на зборот во нашата држава.

Ова Собрание кога треба да донесе некоја декларација за да покаже лажно дека се грижи за европските вредности, ќе напише во една од точките секогаш дека ќе ги почитува независните регулаторни тела, дека ќе ги почитува независните институции кои како заложба не се само во овој закон, како европска директива постои во многу закони експерската јавност надвор од политичките одлуки да решава за некои животни прашања или суштествени прашања, како што еден од нив е и системот на градење. Затоа, кога Законот за градење имаше европско знаменце, во 2005 година се донесе закон со кој требаше да се формира комора на овластени архитекти и овластени инжењери, во која треба да конвергираат сите искуства, мислења на луѓето од таа фела, од тие области, од архитектурата и инженерството. За жал, со многу кочнци од Министерството, заради тоа што кажа и колешката Роза Топузова Каревска, затоа што се на новата власт што е поминато во некој форум, без разлика дали имало или немало влијание, треба да се уништи и затвори. Таква политика Министерството водеше на уништување на комората во претходните две години и наместо да овозможи финансиска моќ, независност на комората да може таа да профункционира и работи онака како што треба, Министерството со овој закон и ги одзема ингеренциите на Комората и ќе се доведе во една апсурдна ситуација од 7 активности на лиценци, овластувања, дозволи, практично да се одземат 6, а да се остават само овластувањата како некое алиби дека еве не се уништува сосема, туку ќе остане само некој дел да се одвива, а ќе се согласите дека тој продес е поврзан и не можат тие дозволи, лиценци и овластувања да одат паралелно, едно да прави Комората на овластени архитекти и инженери, а друго да прави Министерството.

Затоа, ние дадовме сличен амандман, секаде се оди кон намалување на дискреционите права на Министерството. За жал, ние ги трупаме, а министерот за транспорт и врски предњачи во целата таа работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив за амандманот гласале 10, воздржани нема, против 54.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака? Нема никој.

Дали е некој воздржан. Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот гласаа 64 пратеници, од нив за гласаа 10, нема воздржани, против 54 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за менување на став 7, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 8, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендар Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван заменик министер навистина имаме одредено подобрување од она што беше во првиот Предлог на закон доставен во Собранието во јуни месец 2007 година и сега околу членот 6 став 7, само беше уште поголема можност дадена за манипулација, каде што вредноста или надоместот што треба да се плати за лиценца изнесуваше од 500 до 3000 илјади евра. Со оглед дека тоа како и се во овој закон го одредува министерот, Министерството имаше голем простор за манипулација. Сега имаме едно подобрување во таа насока и надоместокот за лиценцата и намалување на вредноста, па вели надоместокот за лиценцата А изнесува 1000 евра во денарска противвредност, за лиценца Б 500 евра во денарска противвредност.

Ние предлагаме, ќе го прочитам целиот амандман, за добивање на лиценците од став 4 на овој член проектната организација е должна да плати соодветен надоместок, висината на надоместокот ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на уредувањето на просторот и истат не може да биде повисока од 300 евра во денеарска противвредност.

Зошто го предлагаме ова?

Затоа што сметаме дека проверката на документација за лиценца не е пред се од таков обем, а и потребната документација ја издаваат и други овластени институции што се вклучени од државата, како што е судот, Централниот регистар и комората, со што сметаме дека треба самиот процес за издавање на лиценца да биде краток, особено за тие кои ја имаат потребната документација. Вака предложениот износ во Законот како што е е превисок и нереален и токму поради тоа нудиме надоместокот да не биде повисок од 300 евра во денарска противвредност. Не гледам зошто не се прифати ова, освен ако не со една единствена цел, со оглед дека Министерството сега ќе ги прибира овие средства, да се полни буџетот на Министерството. Нема никакво друго оправдување. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за амандманот гласале 10, воздржани нема, против 55.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака? Нема никој.

Дали е некој воздржан. Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот гласаа 65 пратеници, од нив за амандманот гласаа 10, нема воздржани, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за менување на став 8, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 9, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендар Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 10, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендар Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседаеле.

Прво сакам да се заблагодарам за прифатениот амандман и да ве замолам ако може малку темпото да го намалите заради тоа што не можам да ве следам, дотолку повеќе што не очекував амандманот да биде прифатен. Не задржуваме, гледате дека со дискусиите сме ефикасни, образложенијата се кратки и јасни и затоа ве молам, да ни идадете уште неколку секунди време барем.

Овој амандман се однесува на времето за важноста на лиценцата и тука се предлага од страна на министерот, и тоа е останато неизменето од претходниот пат, важноста на лиценцата да изнесува 5 години со можност за продолжување за уште пет години во постапка иста како за добивање на лиценца.

Ние сметаме дека рокот од пет години е краток.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, овој амандман е на член 9 за менување на став 10.

**Роза Топузова Каревска:** Се извинувам, реков дека премногу брзо одите, значи се однесува на член 9 став 10.

Тогаш е истото, да се врати комората. Прифатено е важноста на лиценците да биде 7 години и тоа е добро, ова се однесува исто на враќање на ингеренциите на Комората, она што го говорев и за претходниот амандман кој беше одбиен. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив за амандманот гласале 9, воздржани нема, против 55.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака? Нема никој.

Дали е некој воздржан. Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот гласаа 64 пратеници, од нив за амандманот гласаа 9, нема воздржани, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 за менување на став 10,

поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на став 11, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендар Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и тој станува составен дел на тектот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 7, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендар Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседаеле.

Ова е исто во таа насока за која говорев повторно околу лиценците од ставот 3 на овој член ги издава Министерството за транспорт и врски, за издадените лиценци, води регистер, понатаму, лиценцата не се пренесува. Како што реков и претходно, сакајќи да се врати и да се овозможи да функционира оваа Комора, пред се е потребно да има финансиски средства, а за да ги има финансиските средства во голема мера, зависи од тоа дали ќе ги издава или нема да ги издава лиценците. И не е само поради финансиските средства, туку се работи за тоа што сметаме дека токму ова здружение како еснафско здружение Комората на архитектите и инженерите има најмногу компетентни луѓе и право да издава лиценци. Така е и во лекарската комора, така функционираат и останатите комори, адвокатската комора итн.

Мислам дека заложбата на оваа Влада треба да биде што е можно повеќе комори да се формираат како независни тела кои ќе можат во голема мера да придонесат за правилно функционирање и имплементација на законите и штитење на интересите на еснафот. Вака, очигледна е тенденцијата на Владата, во овој случај Министерството за транспорт и врски се, ама баш се, да стави под своја капа и како што тргнале работите, не сме далеку од едно умието, кое што токму ВМРО ДПМНЕ многу го критикува. Мислам дека она што некој го критикувал кога ќе има можност тој да ја практикува власта нема да го прифати како свое, туку напротив ќе се стреми, ќе настојува тоа да го измени. за жал, сведоци сме дека не се случува така. Одземањето во целина на ингеренциите на Комората и тенденциозното настојување таа воопшто да не постои говорат во оваа насока. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 67 пратеници, од нив за амандманот гласале 12, воздржани нема, против 55.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака? Нема никој.

Дали е некој воздржан. Нема.

Кој е против? Нема.

По амандманот гласаа 67 пратеници, од нив за гласаа 12, нема воздржани, против 55 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за менување на став 7, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 8, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновски, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендар Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседаеле.

Овој амандман исто се однесува околу висината на средствата каде што министерот предлага таа да изнесува за лиценца, да не биде пониска од 500 евра, ниту повисока од 3000 евра. Тоа е она што ние до сега го говоревме, односно дека се остава простор за манипулација, не само што во целина се пренесуваат ингеренциите од страна на комората во рацете на министерот, туку овде имаме, за да биде појасно пред јавноста, да не се добие впечаток дека говориме за истите лиценци, во овој случај зборуваме за надзорен инженер, лиценците кои треба да ги издава Министерството во овој случај како што се предвидува со Законот и токму поради тоа сметаме дека можноста да биде пред се, прво

велиме дека е висока, а уште повеќе што овде висината ја утврдува министерот и според членот 11 став 8 вели не може да биде пониска од 500 евра, ниту повисока од 3000 евра. Кој и како ќе определи за што ќе биде 500 евра, за што ќе биде 1000 евра, а за која лиценца треба да се дадат 3000 евра. Дали тоа нема само министерот да го определува и ќе биде можност за злоупотреба и коруптивни елементи. Ако сакаме навистина борба со корупција, а знаеме дека во градежништвото токму овој закон е еден од тие што може да даде најголема можност за корупција во државата, мислам дека треба да донесеме закон, не само што ќе се поделат одговорностите и ингеренциите и Комората и Министерството, туку и нема да му се остави простор на министерот да злоупотреби, во овој момент Миле Јанакиевски, не знаеме кој ќе биде следниот, меѓутоа, вака навистина му се остава голема можност за злоупотреба и му се дава можност тој да биде подмитлив, со тоа што самиот ќе ја определува висината на надоместокот за лиценца. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од нив за амандманот гласале 7, воздржани нема, против 56.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Вкупно по амандманот гласаа 63 пратеници од нив за гласаа 7, воздржани нема, против 56.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за менување на став 8, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновским, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 9, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновским, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Колку да биде јасно пред јавноста што бараме исто што го баравме во претходниот случај овој пат лиценците и надоместокот кој ќе се плаќа за лиценци за надзорен инженер бараме средствата да одат во Комората, наместо во Буџетот.

Овде гледаме дека и со овој член средствата остварени за надоместок за добивање на лиценца АБЦД се приход на Буџетот на Република Македонија.

Навистина, ако го поврзете со претходното кажано дека министерот сам ќе одредува колку ќе изнесува надоместокот за лиценца многу е јасно која е тенденцијата за тоа да и се одземат сите ингеренции на Комората. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеника, од нив за гласаа 10, воздржани нема, против 55 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Вкупно по амандманот гласаа 65 пратеника од нив за гласаа 10, воздржани нема, против 55.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 за менување на став 8, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновским, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Пред да преминам на следниот амандман сакам да ве информирам дека согласно договорот што го направивме со координаторите на пратеничките групи паузата за ручек која е од 14,00 до 15,00 часот ја прескокнуваме и продолжуваме со работа до завршувањето по оваа точка од дневниот ред.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 10, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновским, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 13, поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска, Ристо Пенов, Андреј Жерновским, Јован Манасиевски и Ѓорѓи Оровчанец.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 2 за бришење на алинеја 4, поднесен од пратеникот Андреј Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска**: Почитуван претседателе,

Добро е тоа што градителот со овој член конечно се нарекува инвеститор т.е. со вистинскиот збор.

Овој амандман го поднесувам затоа што сметам дека е една од основните обврски на инвеститорот да обезбеди гаранција за градбата која ја планира и затоа мојот амандман гласи: "инвеститорот е должен при инвестирање на објектот од прва категорија да обезбеди доказ врз банкарска гаранција за минимум 50% од вредноста на објектот, а со објекти од 2, 3 и 4-та категорија да обезбеди доказ за минимум 80% од вредноста на објектот".

Амандманов го предлагам затоа што сметам дека инвеститорот навистина треба да даде таков доказ и да не ги стави во заблуда ниту проектантите ниту изведувачите кои ќе бидат ангажирани поготово кога станува збор за буџетски организации и сметам дека во тој случај Владата барем за овој дел кога станува збор за градежништвото нема јавно да повикува доверителите да ги пријавуваат своите побарувања. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеника, од нив за гласаа 9, 1 воздржани, против 50 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Вкупно по амандманот гласаа 60 пратеника од нив за гласаа 9, воздржан 1, против 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 за додавање нов став 3, по ставот 2 поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 15-а став 1, алинеја 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска**: Бидејќи овој нов член 15-а се однесува на барањето за лиценца А на правното лице што е должно да даде како доказ. Помеѓу доказите стои дека најмалку во редовен работен однос да има вработено едно лице, сметам дека, бидејќи станува збор за градба од прва категорија не сериозно е во една таква проектна организација да биде вработено во редовен работен однос само едно лице затоа предлагам да има најмалку 7 вработени лица, на тој начин ќе ја покажеме нашата сериозност поготово ако сакаме да донесеме странски инвеститори. Затоа сметам дека овој предлог кој го имавте поодамна, бидејќи ја следам оваа материја, и од групацијата за градежништво на Стопанска комора, но еве не го прифативте и барам пратениците да го прифатат.

Слично се однесува и за наредниот амандман, но ќе расправам подоцна за него. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласаа 8, воздржани нема, против 53 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Вкупно по амандманот гласаа 61 пратеник од нив за гласаа 8, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 во новиот член 15-а став 1, алинеја 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 7 во новиот член 15-а став 2, алинеја 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска**: Овој амандман го поднесувам затоа што сметам дека нема потреба нотар да заверува изјава на проектант и ревидент затоа што сметам ако имаме еден комплетен основен проект изработен од проектант и ревидиран од лица кои поседуваат лиценца за изработка на проектот и ревидирање на истиот проект нема потреба изјавата да се заверува кај нотар и како што се вели дека со тоа се потврдува дека проектот е изработен согласно решението за локациски услови и изводот од урбанистички план.

Издавањето на одобрението за градење го вршат надлежни државни институции во зависност од категоријата на објектот кој ќе се гради и затоа сметам дека таа контрола многукратно се води и нема потреба одговорни лица кои тешко добиваат лиценци да даваат изјава на нотар дури таа лиценца која ја добиваат во некој случај ќе биде можеби односно одобрение ќе биде многу потешко да го добијат отколку самата диплома. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 61 пратеник, од нив за гласаа 8, воздржан 1, против 52 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Вкупно по амандманот гласаа 61 пратеник од нив за гласаа 8, воздржан 1, против 52 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 во новиот член 15-а став 2, алинеја 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за став 2, поднесен од пратениците Силвана Бонева и Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа.

Амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 3, точка 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 53 пратеници, од нив за гласаа 6, воздржани нема , против 47 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот, молам да крене рака? (Никој)

Дали има воздржан? (Нема)

Дали има против? (Нема).

Вкупно по амандманот гласаа 53 пратеника од нив за гласаа 6, воздржани нема , против 47 пратеника.

Пред да констатирам ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата се присутни 68 пратеника, со оглед на тоа гласањето е полноважно.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 24 став 3, точка 2, поднесен од пратеникот Соња Мираковска.

Во меѓувреме пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандман на член 5 за бришење на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ поднесоа амандмани на член 1 за бришење на точка 3, член 5 за бришење на ставовите 2 и 3, член 6 точка 3, член 6 за менување на точка 4, член 6 точка 5, член 6 точка 8, член 6 точка 9, член 7 за менување на новиот член 15-а, член 9 став 1, член 9 ставови 2, 3, 4, 5 и 6, член 9 став 9, член 10 за менување новиот член 22-а, член 11 став 7, член 11 став 9, член 11 став 10, член 15 став 3, член 22 за бришење на ставовите 2 и 3, член 24 став 3 точка 2, член 28 став 1, член 34 за менување на ставот 1 во новиот член 62-а, член 34 за бришење на алинеите 3, 4 и 5 на ставот 5 во новиот член 62-а, член 34 за бришење на ставовите 8, 9 и 10 во новиот член 62-а и на членот 34 во новиот член 62-а став 11, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 за бришење на точката 3 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе,

Кога зборувавме за Законот за градежно земјиште и сега кога зборуваме за измените и дополнувањата на Законот за градење со жал мораме да констатираме дека од необјасниви причини Владата се решава да ги врати времените објекти иако согласно тенденциите или политиката што претходно беше дефинирана има поинакви називи, поинаква терминологија тоа е урбаната опрема која е дефинирана како дел од просторот за планирање и градење.

За жал, и по претходниот Закон, а и сега да потсетам дека сите институции вклучувајќи ја и Државната комисија за спречување на корупцијата укажува дека времените објекти, за жал, претставуваат плодна почва за евентуална корупција. Тоа е од една страна.

Од друга страна времените објекти по дефиниција се спротивни на урбанистичкото планирање на одредбите на намената на земјиштето на кое е дадена и воопшто на правниот поредок бидејќи враќањето на времените објекти и минимирањето на урбаната опрема е во спротивност со Законот за просторно и урбанистичко планирање кои овој министер ни го има предложено. За жал, со враќањето на времените објекти има само некоја задскриена намера која треба да биде во режија на Миле Јанакиески.

Овој амандман е да се вратиме на одредбите од Законот што истиот министер ги има предложено тоа е Законот за просторно и урбанистичко планирање да го вратиме просторот на урбанистите и градот и општините да живеат согласно урбанистичките планови онака како што општините ќе ги предвидат, каде советниците во општините си ги знаат потребите, приоритетите и ќе си направат по нивен терк најдобро како што кажуваат нивните комшии и пријатели од таа општина да личи местото. За жал, со претходниот Закон министерот за транспорт и врски има можност само во Република Македонија да поставува времени објекти низ цела држава. За жал, тоа ќе резултира со руинирање на изгледот на многу градови во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе,

Навистина не ми е јасно зошто повторно се прави обид на мала врата да се вратат времените објекти затоа сметам дека постојното решение кое го имаме е доволно рестриктивно и сега имаме една дефиниција која дава голем простор на широко и слободно толкување и со самото тоа претставува голема можност за злоупотреба и повторно никнување на дивоградбите.

Мислам дека парламентарното мнозинство ќе даде согласност на овој амандман од колегите до толку повеќе што овде во оваа сала сите ние се залагавме против сите можности кои ги пружаше претходниот Закон на одредени места иако,како што реков, тој беше порестриктивен во однос на времени објекти.

Мислам дека што се однесува до урбаната опрема таа е во надлежност на локалната самоуправа и во овој случај не може да се поистоветува по дефиницијата времени објекти.

Од ова што сега јас го кажав и она што колегата Јани Макрадули го истакна овој амандман е прифатлив и оди во насока на борбата со корупцијата во насока на можна злоупотреба, во насока да се спречи никнувањето на дивоградбите. Очекувам поддршка од колегите пратеници. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за амандманот гласаа 8, нема воздржани, против 49.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на

Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По амандманот вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за гласаа 8, воздржан нема, против 49.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на пратеници.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата се присутни 68 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 за бришење на точка 3, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

За збор се јави Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Бидејќи ова беше дефиниција во делот на законот за градење кој се однесува на времените објекти и бидејќи Владата се реши да ги остави, парламентарното мнозинство, тогаш во името на предлагачите ги повлекувам по архивски број да ги кажам.

**Трајко Вељаноски:** Кажете ги по архивски број службите ќе ми кажат кои амандмани.

**Јани Макрадули:** Амандманите кроз 28, кроз 12, кроз 13 и кроз 14. Бидејќи претпоставувам дека сите се 07-2436 на почеток.

Значи ги повлекувам кроз 12, 13, 14 и 28 ги повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Ви благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара забор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Само заради јавноста јас ќе прочитам во постојниот закон се вели: лиценцата од став 1 на овој член се мисли за градител, се издава за 7 години со можност на нејзино продолжување, за издадените лиценци се води регистер, лиценцата не се пренесува, лиценците ги издава, одзема и води регистар за нив, Комората. Сега овде со овој Предлог на закон, го имаме следното. Во ставот 4 зборот "комората" се заменува со зборот "Министерството за транспорт и врски". Јас веќе доволно говорев во оваа насока и мислам дека и понатаму да почнам аргументирано да продолжам да зборувам зошто е важна Комората, очигледно дека пратениците од парламентарното мнозинство размислуваат исто како и министерот за транспорт и врски Миле Јанакиевски и сакаат да му додадат уште повеќе ингеренции со самото тоа да немаме да немаме де акумулација, значи на надлежности, ингеренции во Министерството за што јас се залагам, тие сметаат дека Комората како едно еснафско здружение треба да изумре да не и се даде можност да опстојува. Токму поради од ова сето што досега го кажав и бидејќи голем број на амандмани во оваа насока беа одбиени овој амандман го повлекувам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за бришење на став 2 и 3, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара забор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

За жал, Владата наместо да се обиде пред се министерот за транспорт и врски, наместо да се обиде во претходните две години да направи се да Комората навистина онака како што пишуваше во законот добие републичко значење со затворање на сите славини и одземање на сите лиценци и сите ингеренции, практично ја остава како некакво здружение кое што ниту има моќ, ниту е смисла за тоа на законот со кој што беше дефинирана. Реков јас ова Собрание знае да се додворува со носење на декларации кои што ќе пишува и овој и претходен состав има донесено една таква за почитување, за негување, за промоција на независни регулаторни тела. Но секогаш кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт наместо да им се дава подршка на коморите, наместо да им се дава подршка на независните регулаторни тела се прави упад во секоја институција и во се што може да се остварува дополнителен прилив на Буџетот. За жал, Министерството за транспорт и врски со овој прадлог на закон ќе ја уништи Комората на овластени архитекти, овластени инжинери, ќе ја сведе на обично здружени кое што не само како фела ќе се одрази, туку пред се ќе трпат граѓаните, бидејќи сите лиценци, сите дозволи, сите постапки ќе бидат во рацете на еден човек, сега за сега тоа е господинот Миле Јанакиевски. Затоа видовме и со претходното гласање како се одвиваше бидејќи амандманите кои се поврзани со победата на стручноста наспроти партизацијата која што за жал не добива подршка од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, овој

амандман кроз 33 и амандманите кроз, 20, 21, 22, 29 и 30 ги повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 3, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот се прифаќа и амандманот станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на точка 4, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара забор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете

**Јани Макрадули:** Овој амандман се однесува на категоризација која што е дефинирана според предложениот закон на две категории А и Б. Сметаме дека со оглед на петте видови на објекти кои што се градат и кои се подоцна дефинирани во законот сметаме дека треба да има уште една категоризација. Практично групирањето на пет типа на градби само со две проектни организации сметам дека е недоволна затоа што иста категорија практично ќе има и проект на организација кој ќе прави, дај боже нуклеарна електрана, ќе проектира и некоја која ќе прави, не знам сега да не кажам некаја навредителна работа, но сигурно далеку помал објект. И затоа предлагаме да има уште една категоризација 4 каде што првата и втората категорија треба да имаат лиценца А, а за третата и четвртата да имаат лиценца Б и петтата категорија, а тоа се градбите поедноставни, без некоја навреда секако, да бидат во категорија Ц. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за амандманот гласаа 11, воздржан 1, против 50 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандманот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот молам да крене рака?(нема никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против?(нема)

По амандманот вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за гласаа 11, воздржан 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за менување на точка 4, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Констатирам дека амандманот на член 6 точка 5, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 6 точка 8, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 точка 9, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Амандманот што го предложивме се однесуваше на важноста на лиценците да се зголеми од 5 на 10 години со еднократна надокнада, но бидејќи го прифати заменик министерот амандманот на нашите колеги од ЛДП за 7+7, овој амандман и амандманите со архивски број кроз 19 и кроз 24 ги повлекуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 7 за менување на новиот член 15-а, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Овој дел се однесува на добивање на лиценци на проектанти со предложениот закон се вели дека со барање на добивање на лиценца А е должно да достави дека има вработено во редовен работен однос најмалку едно лице. Што значи дека човек-фирма ќе добие проект за изградба на нуклеарна централа. Или на далекувод со напонско ниво од 110 киловати. Ќе се сложите дека тоа апсолутно не е добро. Претпоставувам

дека интенцијата на Владата била да формира безброј фирми со по еден проектант, сето тоа да се помножи по 1.500 евра и да се добие некој Буџет. Инаку, не можете да ја уверите јавноста пред се експертската, а и граѓаните дека проектанско биро со еден човек вработен може да изгради нуклеарна централа како што се градбите од прва категорија, аеродром или да речеме брана со акумулации. Мислам дека е тоа навистина несериозно и една од причините зошто тие лиценци и дозволи се одземени од страна на Комората накај Министерството имало за цел да се направат милион фирми по еден проектан кои потоа ниту ќе бидат конкурентни на пазарот, ќе ни улетаат многу странски проектанти и тоа го дозволува сега законот да можат странци да проектираат, да конкурираат, да изведуваат, да бидат водечки во еден проект и кога ќе треба да дојде да се гради некој објект тогаш нашите ќе бидат хендикепирани. Затоа предложивме да се категоризира во три лиценци А, Б и Ц. Првата која што најмалку пет лица би имале за да можете да направите еден аеродром, сигурно не ви е доволно еден проектант од еден тип, ви трабаат тука и други лица кои би работеле. Лиценцата Б да има најмалку три лица кои ќе бидат вработени и лиценцата Ц да биде со едно лице.

Се надевам дека овој амандман ќе биде прифатен во интерес на победа на квалитетот и стручност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господин Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам претседателе.

Во јули месец 2007 година го добивме тогашниот текст на законот во кој што беше предвидено бројот на вработени лица да биде од прилика онака како што предлагаат сега колегите од СДСМ. Меѓутоа, тогаш под притисок на членовите на СДСМ и на ЛДП од Парламентот беа поднесени амандмани, беше консултирана и стручната јавност, беа консултирани многу фирми кои што исто така кажаа дека потребниот број на вработени е премногу висок и заради тоа претпоставувам дека Владата ги прифати тие сугестии и сега поднесе текст на закон каде што има многу помал број на вработени.

Така да колега Макрадули јас мислам дека е добро да се повлече овој амандман.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Веројатно господине Горан Петров не мисли дека  еден проектант може да проектира нуклеарна електрана. Тоа сум го мислел и тоагаш, го мислам и сега. Затоа ако зборуваме да зборуваме за суштината. Инаку, денес со седма година знаете што се случува, не е битно, во овој момент и овој закон на Комисијата за транспорт и врски отиде во две фази, ама што да правиме сега муабет за минатото. Во овој момент зборувме дали сметате дека еден проектант, човек-фирма може да направи нуклеарна централа. Тоа е работата. Инаку, за приказни знаеме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

За волја на вистината сакам да кажам дека навистина пратеничката група на ЛДП тогаш имаше амандман кој што бараше да се намали бројот на лицата за добивање на лиценци, но не е точно дека беше соодветен на ова решение кое што сега го имаме.

Исто така заради јавноста и заради вистината еве го членот кој што тогаш се предлагаше од страна на министерот на член 15-а и вели: “со барање на добивање на лиценца А и Б од членот 15 на овој закон правното лице е должно да достави меѓудругите докази доказ дека има вработено во редовен работен однос најмалку 7 лица”. Не беше 5, туку беа 7. Ние од ЛДП укажувавме со тој амандман дека 7 лица е превисока бројка дотолку повеќе реагиравме на останатите каде што баравме да се намали бројот за по едно лице, односно за добивање на лиценца Ц и лиценца тогаш Б каде што имаше две лица. Сметавме дека околу овие лиценци може да се интервенира.

Ќе беше несериозно од нас да баравме за лиценцата А да се намали бројот на вработени на еден, меѓутоа јас сега се прашувам што толку го предомисли министерот Миле Јанакиевски во периодот од една година од 7 лица да го намали бројот на едно вработено лице и тоа за многу сериозна работа. На крај памет не ни падна да бараме намалување од 7 на едно лице. Сите мора да признаете дека е тоа драстично намалување. Јас разбирам ако министерот од седум го намали за две лица на пет, па сега ние да не реагираме да не бидат 5, да бидат 6 или да бидат 4 мислам дека би било несериозно од наша страна.

Меѓутоа несериознаста во овој случај е кај Министерството. Тогаш лично министерот ме разубедуваше дека намалувањето од 7 на 5 е многу, затоа што ќе се доведе во прашање она што го говореше претходно колегата Јани Макрдули при изградба на објекти како што се аеородроми, нуклеарни централи и итн, дека бројот 5  е пренизок. Значи, 5 е низок број. И сега, бројот еден да биде висок или доволен? Навистина, колегите кои подобро ја знаат мамтематиката од мене можат да ми помагнат и да ми кажат дали бројот 5 е понизок од бројот 1.

Мислам дека ова е несериозно и јас би го замолила заменикот министер, доколку нема ингеренции самиот да го прифати амандманот,да се консултира со министерот Миле Јанакиески, затоа што не верувам толку драстично да го променил својот став за оваа година и да го прифати предложениот амандман од колегите.

Или, ако не се согласува со тоа и смета дека овие бројки се малку или многу за добивање лиценца од А,Б,Ц и Д категорија, да предложи амандман што ќе биде соодветен на она што  тој тогаш го говореше. Само така ќе имаме добар предлог на закон.

Се согласувам, да, баравме намалување,но нашето намалување повеќе беше насочено кон лиценцата Б и лиценцата Ц, значи не станува збор дека ние сме го промениле ставот туку станува збор за драстична промена на ставот од страна на министерот.

Токму поради тоа очекувам дека пратениците ќе ја сфата сериозноста на овој амандман и ќе дадат подршка. Благодарам .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандамнот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од нив за гласале 12, воздржани нема, 51 пратеник гласале против.

Ги молам претседателот и члeновите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандамнот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против нема?(никој)

По амандманот вкупно гласаа 63 пратеници од нив за гласале 12, воздржани нема,  против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 за менување за новиот член 15-а поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Отварам претрес по амандман на член 9 став 1 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, на член 9 став 1.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:**  Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:**

Членот 22 се однесува на категоризацијата и на дефинирањето на изведувачите. Во сите 7 категории стои изведувач на градба од прва категорија дека е правно лице.

Во првиот став пишува дека изведувач е правно или физичко лице  кое изведува односно ја гради градбата или дел од градбата врз основ на договор за градење склучен со инвеститор.Сметаме дека физичкото лице не е во позиција односно нема законска основа, како што тоа може да биде да гради. Ако има фирма ќе биде поинаку, но ако се однесува на тоа, тогаш ќе влезе во правно лице нема да биде во физичко лице. Нема свој даночен број. Како ќе се изведува плаќањето меѓу тој човек да гради зграда. Мислам дека е невозможно тоа. Затоа предлагавме зборот физичко лице да се избрише. Ако тој има сопствена фирам што гради на негово земјиште тогаш тој преминува во правно лице. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандамнот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, од нив за гласале 12, воздржани нема, 51 пратеник гласале против.

Ги молам претседателот и члeновите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандамнот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против нема?(никој)

По амандманот вкупно гласаа 63 пратеници од нив за гласале 12, воздржани нема,  против 51 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1  поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Констатирам дека амандманот на член 9 ставовите 2, 3, 4, 5 и 6 поднесени од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 9 став 9 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Отварам претрес по амандман на член 10 за менување на новиот член 22-а поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:**  Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:**

Амандманот има за цел да направи, според нас, поквалитетна категоризација во однос на лиценците кои се  однесуваат на изведувачите. Овде, врз база на градбите што се категоризирани во пет категории Министерството

за транспорт и врски ги комбинира 1) А и Б; Ц е самостојно и Д и Е ги комбинира во ист тип на лиценци што треба да задоволуваат исти услови, односно А и Б да имаат 10 најмалку лица со овластување А; Ц со три лица со овластување Б и Д и Е со две лица со овластување Б.

Сметаме дека, заради комлицираноста на градбите од прва категорија, некако најспоменувано дојде ова нуклеарните електрани, аеродромите, главните железнички пруги, се разбира тука се нафтоводи, хидроцентрали итн., треба да има раздвојување од објектите што се категоризирани во Б. Затоа предлагаме лиценцата А да се однесува со 10 лица, како дел од условите вработени кои ги поседуваат овластување А, лиценцата Б да се однесува на пет лица од кои 3 со овластувања А и двајца со овластување Б, Ц лицецата со три лица од кои поседуваат овластување Б и Д со две лица и Е со едно лице со овластување Б.

Практично поструктурно разработено она што го има Владата, а со оглед на градбите и типовите на градби кои се дефинирани во членот 23 од овој Закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандамнот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, од нив за гласале 12, воздржани нема, 52 пратеник гласале против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандамнот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против нема?(никој)

По амандманот вкупно гласаа 64 пратеници од нив за гласале 12, воздржани нема, против 52 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 10 за менување за новиот член 22-а поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Констатирам дека амандманот на член 11 став 7 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 11 став 9 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 11 став 10 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен

Отварам претрес по амандман на член 15 став 3 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:**

Го повлекувам амандманот.

**Трајко Вељаноски:** Констатирам дека амандманот се повлекува.

Отварам претрес по амандман на член 22 за бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Ова е член 22 ставовите 2 и 3.

**Трајко Вељаноски:** Да, да член 22 за бришење на ставовите 2 и 3.

**Јани Макрадули:** Амандманот го предлагаме заради, сметаме при рестриктвната законоска одредба, имено предлагаме градбите и деловите од градбите изградени без одобрание за градење со бесправни градби, како што вели во законот, деловите од градбите изградени спротивно на заверениот проект се основ за ништавност, а останатие ставови се однесуваат на ингренциите што ги имаат за да го решат тоа.

Имено, може да се случи, хипотетички, дека да изградите зграда од, не овие на Груевски од стоте спрата, нормална зграда да изградите од 8 спрата и само еден балкон случајно или намерно, не е битно, може да излегува од она што е пропишано. Мислам дека е пререстриктивна мерката да се донесе одлука за ништавност и да ја срушите цела зградата. Мислам дека има механизам дека ако само дел од градбата изградена спротивно на заверениот проект без одобрение за градба не треба да биде основ за ништавност на одобрението за градење.

Мислам дека нити тоа е во корист на граѓаните, нити тие се криви макар и на греШка, еве нека биде случајно. Ама може да се случи последна тараса, имаме примери милион во Скопје и во Македонија, излегува 30 сантиметри повеќе од проестот или линијата на појасот паѓа малку подалеку. Ако не може тоа да се корегира тоа е

една работа. Ако може да се корегира, има и сега законски одредби каде што се кажува како тоа да се реши. мислам дека не треба цела зграда со динамит да ја дигаме во воздух. Тоа беше нашата идеја, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави Петров Горан, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам.

Предложениот амандамн се однесува за веќе завршени градби или делови од градби кои отстапуваат или се без одобрение или отстапуваат од одобранието за градба. Во процесот на градба треба да има надзорен инженер кој мора веднаш да ги констатира овие неправилности и би било многу несериозно да се остави да се заврши со градењето спротивно на одобранието за градење. Тоа значи дека процесот на градење и контрола на градбата започнува уште на самиот почеток, буквално уште од изградба на темелите.

Вака се отвара еден простор за секој инвеститор да може со минимален ризик да догради да надгради или да направи некој балкон од можеби 100, 200, 300 квадрати кои што после тоа ќе сака да го легализира. Тоагаш се отвора просторот за онаа коруптивност која што многу пати ја спомнувавме и мислам дека е подобро секој учесник во процесот на градење да биде свесен дека целото одобрание за градење ќе биде ништовно доколку отстапи од одобрението кое што му е дадено. Бидејќи овде не се работи за несвесна грешка, овдека се работи за намера за тенденција некој да отстапи од одобранието за градење, а да не зборуваме кој ќе цени кој е тој дела од зградата и дали е тоа доволно многу за да биде поништено сето одобрение.

Тоа значи дека никој не смее да отстапи од одобрението, а дали е терасата што ја спомнувате од 2-5-100-200 или 300 квадрати е сосема неважно. Да не зборуваме дека и во статичка смисла, секој нов дел од зградата, што е спротивен на одобрението може да ја наруши стабилностана целиот објект. Да не си играме со тоа.

Така што мислам дека е добро изведувачот, инвеститорот да бидат свесни дека мора до крај да се присдржуваат кон издаденото одобрение за градба. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контрареплика се јави господин Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Јас читам што пишува во законот. Во законот вели дека деловите од градбата изградени, значи завршена работа, спротивно на заверениот проект и одобрението за градење се основ за ништавност. Надзорниот инженер ќе си сноси последици. Но , не мислам дека зграда од 10 ката треб да срушиме за балкон кој излегол метро надвор. Мислам дека не е тоа идејата. И не е тоа во корист на граѓаните.

Може да се даде привремена мерка за тој да се среди, како што било и до сега, па потао да се види што ќе се прави. А не веднаш динамитот и буп-зградата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандамнот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за амандманот гласале 12, воздржани нема, 53 пратеници гласале против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандамнот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против нема?(никој)

По амандманот вкупно гласаа 65 пратеници од нив за гласале 12, воздржани нема, против 53 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 22 за бришење на ставовите 2 и 3 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Отварам претрес по амандман на член 24 став 3 точка 2 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да Владата да се произнесе.

Има збор господин Скендер Палоши, заменик министер за транспорт и врски, повелете

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Во овој член се предлагаат 70 документи што треба да се однесат кон прилогот за добивање на одобрението за градење при што се бара во оваа точка 2 -комлетен основен проект со најмалку два примероци, извршена ревизија и тука предлагаме да запре оваа точка, бидејќи е тоа нормално и мислиме дека изјавата на проектрантот заверена на нотар е апсолутно непотребна. И изјавата на ревидентот, заверена на нотар е апсолутно еден непотребен трошок и непотребна папирологија што не прдонесува за ниту пократко , ниту побрзо, одобрување на градбата, посебно што за овој закон , што ќе го промовира хаосот во градењето, бидејќи ако за 15 дена не добиете дозвола ќе може да почне да градите каде сакате, така што овие 70 документи што се бараат во овој член апсолутно не се потренбни и не придонесуваат за квалитетна одлука на оној кој треба да го донесе одобранието за градење.

Но, бидејши таква е политиката што се води од страна на парламеното мнозинство и на Владата, да не гласаат на нешто што не го читале, во име

на предлагачите го повлекувам амандманот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам .

Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отварам претрес по амандманот на член 28 став 1 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Нилоков и Емилијан Станковиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Скендер Палоши, заменик министер.

**Скендер Палоши:** Амандманот не се прифаќа.

**Трајко Вељаноски:** Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? ( никој)

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандамнот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, од нив за гласале 13, воздржани нема, 52 пратеник гласале против.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија да се произнесат по амандамнот со кревање на рака.

Кој е за амандманот молам да крене рака?(никој)

Дали има некој воздржан? (нема)

Кој е против нема?(никој)

По амандманот вкупно гласаа 65 пратеници од нив за гласале 13, воздржани нема, против 52 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 став 1 подeнсен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ.

Констатирам дека амандамнот на член 34 за менување на ставовите 1 во новиот член 62-а подeнесен од пратениците Јани Макрадули, Маријанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Амандманот е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 34 за бришење на алинеите 3, 4 и 5 на ставот 5 во новиот член 62-А поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 34 за бришење на ставовите 8, 9 10 во новиот член 62-А, поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Констатирам дека амандманот на член 34 во новиот член 62-А став 11 поднесен од пратениците Јани Макрадули, Марјанчо Николов и Емилијан Станковиќ е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Меѓувреме се пријави господин Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван претседателе, навреме бев пријавен, меѓутоа на сите нас ни се брза за еден ваков неважен закон, изгледа сакаме побрзо да ја завршиме денешната наша работа.

Почитувани колеги пратеници, за оние што не знаат постојниот Закон за градење е донесен во 2005 година и за истиот не може да се каже дека профункционира во Република Македонија, бидејќи до ден денешен не се донесени подзаконските акти, особено во делот што се уредува работењето на Комората, која што всушност и ден денес постои и не постои.

Минатата година ми се чини во ова исто време, како што кажаа некои од колегите пристигна една верзија во која во образложението за донесување на овој закон, значи за законот за измени и дополнувања на Законот за градење, со Предлог на закон, предлагачот тврдеше дека не се работи за обемни и суштински измени. Денес Имаме или многу оваа ситуација ни наликува на таа, сите кои малку имаат допир со градежништвото се чудат зошто кога немаме министер за транспорт ние треба да го донесеме најважниот, најстратешкиот закон во сверата на градежништвото и тоа ни малку ни повеќе по скратена постапка. По итна. Ако се земе предвид дека постојниот закон има 147 члена, а со овој Предлог кој што го предлага Министерството се предвидува измени во 83 члена. Значи, се менува повеќе од 60% од содржината на законот, јасно е дека секој што го погледал законот навистина сваќа дека се работи за суштински измени и дополнувања за кои што тврдам дека допрва ќе се дискутира во Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници, јас не знам зошто Министерството досега не ги донело сите 17 подзаконски акти, иако беа предмет на работа и во минатите две години, не знам зошто, дури ни 19-те амандмани кои што самото Министерство ги поднесе на Предлог законот од јуни минатата година, истите не ги имплементирал во овој Предлог на закон. Се разбира, тука јас воопшто не ги сметам или не ги земам предвид зошто како издржани не се земени и укажувањата од еснафот, асоцијацијата на архитектите, Стопанската комора на градежни инженери, Архитектонскиот и Градежниот факултет, Институтот за геологија, Археологија, подземни води и екологија, дури не е земена предвид Антикорупциската комисија и Уставниот суд кои што дадоа свој коментар, кој предлагачот, замислете, почитувани колеги, не успеал ниту да го види, ниту да го слушне.

Почитувани колеги пратеници, иако сама по себе, како што вели претседателот скратената или итната постапка, во старт ја елиминира можноста за дебата од која што би се подобрил квалитетот на понудениот закон, сепак во мојата дискусија ќе се обидам да ги изнесам клучните аргументи, кои според мене овој закон го прават штетен.

Со донесување на овој закон, ве уверувам почитувани колеги, а тоа и праксата ќе покаже, 50 илјади градежни работници во Република

Македонија ќе бидат надвор од законот. Со овој ваков закон се врши целосна централизација на една стопанска гранка и со тоа на недопуслив начин се врши контрола на економијата, што дефинитивно ќе се одрази со негативни ефекти во државата. И, допрва ќе треба треба да ги очекуваме реакциите на стопанствениците, кои верувам во овој момент апсолутно не се информирани што се случува во Републичкото собрание. Зошто парламентарното мнозинство влегува во една ваква авантура, навистина не ми е јасно. Меѓутоа, чувствувам за обврска, не само јас, туку и останатите колеги од СДСМ да укажеме на сите аспекти во понудениот предлог, кој што воопшто не чини.

Почитувани колеги, приказната за издавање на лиценци од страна на Министерството е најблаго речено еден ретрограден, еден нереформски процес што практично значи лиценци гарантирано само за подобните и се разбира едно големо можеби за способните. Замислете, предлагачот Министерството во својата Програма за 2007 година во точка 3 вели "Ќе се определат", значи самото на себе Министерството си дало задача "Ќе се определат критериумите за доделување на лиценци". Уставниот суд му вели на предлагачот "Во законот недостасуваат критериуми врз основа на кои надлежниот министер би ја определувал висината на четирите вида надоместоци". Значи, во законот, почитувани колеги, не постојат критериуми за издавање на лиценци, но затоа секако се дава дискреционо право на министерот да дава на кој сака. Издавањето на лиценци има смисла, почитуван заменик министер, само ако се воспостават стандарди, критериуми кои што ќе обезбедат издавањето на лиценци да биде на стручни и способни компании за различни степени на сложеност. Значи, лиценци да, но за квалитативни фирми кои ќе можат да одговорат на поставените барања, а не издавање на лиценци само за пари или оние кои што ќе платат. Зошто е тоа така, заради тоа што нема услов. Законот вели: "Секој оној што има еден вработен и референци кои можат да се набават, буквално секој може да добие и дозвола или лиценца". Вака поставени работите, сосема наопаку и доста чудно овозможуваат условно речено негативен тип на дискреција, што значи слобода на органот што ги издава лиценците. Тој слободно може да одлучи дали ќе ја даде лиценцата или не. Ако може да биде дадена дозволата на било кого, тогаш може и да не му биде дадена на секој, што може да доведе до дисквалификација, се разбира, можеби токму на најкомпетентниот.

Почитувани колеги, јас навистина не знам што значи, меѓутоа по предложениот закон ако го усвоиме вака како што е предложен, министерот за транспорт и врски со произволна политичка проценка може да одлучува дали некој ќе добие, дали некој ќе работи, дали некој ќе стопанисува или не.

Дозволете ми да потсетам, што има напишано еден наш колега пратеник, дипломиран инженер архитект поранешен во едно списание "Порта", списание кое што е специјализирано за теми од градежништвото, архитектурата, екологијата и слично. Цитирам: "Понепристоен предлог не сум слушнал одамна, а кога доаѓа од Министерството можеби без претерување да се нарече рекет во рамки на законот, измените на законот се непристоен предлог на Владата. Архитектите и градежните инженери се револтирани, стравувајќи со право дека ќе останат без егзистенција и не само тие, туку и сите економско стопански субјекти од сверата на градежништвото и урбанизмот. Одземањето на ингеренциите од Комората е обид да се фаворизираат фирми блиски до власта". Ова навистина, почитувани колеги, е спротивно на сите европски директиви, се разбира и општите тенденции на современите комори, а не она како што е организирано кај нас, да ја следат постапката за издавање и регистрирање на оние кои што ќе добијат лиценци по различни основи. Изгледа ваквиот тренд на зголемен притисок според еснафот е сериозен обид да се корумпира сверата на јавниот сектор. На крајот на краиштата зошто тогаш јавна тајна е во Република Македонија и сите се прашуваат кој стои зад ваквите законски решенија и која е нивната цел. Замислете, 2008 година во Република Македонија се носи закон во кој се воведува казна за домократската мисла на проектантот. Тоа е овој закон. Законот наместо да ги поправа постојните грешки, наместо да ги пополни сите дупки кои што се досега евидентирани во минатото се посветува на многу неважни работи. Навистина, се чудам Министерството како немаше слух и желба да ги поддржи да забрза процесот на функционирање на Комората, но се разбира претпоставувате дека во овој закон кој што денес треба да го усвоиме нема ниту една единствена реченица, ниту еден член за Комората. Наместо од Комората да се направи свој вистински партнер кој во иднина ќе ги уредува сите прашања врзани со лиценците, со овластувањата, без разлика дали се работи за управител на градба, за надзор, за шеф на градилиште, за изведување, за проектирање итн, Министерството и предлагачот ни збор не поправаат во законот во однос на неа. Напротив, си дава за право да се земаат лиценците во свои раце и да се стават исклучиво во политичка капа.

Почитувани дами и господа пратеници, анализирајќи ги предложените измени и дополнувањата на законот, имајќи ја предвид фактичката состојба во сверата на која се однесува истиот, неминовно се наметнуваат некои прашања, чиј што одговор предлагачот го нема, а сепак предлага закон. Дозволете ми само дел од овие прашања на кои што предлагачот нема одговор да спомнам.

Прво, колку фирми во државата не ги исполнуваат условите за добивање на лиценци, а ги исполнуваат условите за нормално функционирање како правен субјект. Нема одговор.

На кој начин ќе се стимулира вработувањето на дипломирани инженери без стаж кога тие не се бројат во условите за добивање на лиценца.

Трето, дали се имало предвид дека со предложените бројки се врши само притисок на квантитет а никако на квалитет.

Четврто, дали ви е познато дека денес никој во Република Македонија не живее од ревизија. Сите што проектираат прават и ревизија. Денес ти проектираш, јас сум ревизорот, утре јас ќе проектирам, ти ќе бидеш ревизор итн. Наместо да ставите во законот дека во Република Македонија може да се бават со ревизија само институции или правни субјекти кои што во делот на вработувањето имаат толку инженери, толку градежни, толку архитекти, магистри, доктори итн, ни збор нема во законот за тоа. Дали во вработените се бројат и оние кои што се со средно образование. Што со осигурувањето на фирмите од грешки како последица или кои што би предизвикале штети кај инвеститорите, и тоа никаде не е третирано.

На крајот на краиштата Предлог законот не е усогласен или е противречен на Законот за премер и катастар и запишување на права на недвижности.

И на крајот да кажам нешто што во еден друг закон е поинаку регулирано од ова, се врши целосна забуна во делот на казнените одредби, особено ако сте го прочитале Кривичниот закон член 244-А и видете што пишува. Навистина, за бесправните градби што пишува и ќе стане јасно на сите зошто јас го потенцирам овој дел. Дали е можно денес да ни се случи при непостоење на подзаконски акти да се случи да неречам некој, меѓутоа секој во Република Македонија да ги поништи сите тендери кои што беа објавени во последните две години, а се однесуваат на проектирање и изградба кај нас. Може. Како прилог на тврдењето дека понудените измени и дополнувања се, би рекол, неквалитетни и набрзина подготвени, почитувани колеги, е и фактот што во законот е предложена или не е предложена измена на член кој што е укинат од Уставниот суд на Република Македонија. Тоа е квалитет на овој закон.

Генерално тоа беа моите забелешки, би можел во преостанатиот дел да се задржам накратко на некои предложени измени, меѓутоа гледам дека нема расположение за ова, иако тврдам дека овој е еден од посериозните законски проекти кои што треба да бидат дискутирани од нас пратениците. Но, еве дозволете ми накратко да кажам само еден дел кој што се однесува на еден активно штетен член кој го поништува системот на планирање на градба за времените објекти најточна е можеби дефиницијата која што вели дека се законска дивоградба. Зар повторно истите ќе ги воведете во Република Македонија. Зар повторно ќе слушаме дека Владата намерно или Министерството, предлагачот воведува дивоградби во Република Македонија. Во овој закон времените објекти добиваат трајна форма, што е спротивно на Уставот на Република Македонија. Апсолутно веќе ќе биде со изгласување на овој закон дали се работи за депонии, дали се работи за детски градинки. Апсолутно е сеедно. Но, времените објекти ве уверувам дека се фантомски.

Содржината на законот не е доволно прилагодена на нашите прилики, што придонесува тоа евентуално да создава можности за злоупотреба во неговата практична примена.

Дозволете ми на крајот да кажам дека Државната комисија или Антикорупциската комисија смета дека измената не треба да се направи, бидејќи со тоа се создава непотребен извор на можна корупција, особено имајќи го предвид искуството од минатото. Меѓутоа, Антокорупциската комисија никој немаше кој да ја слушне.

За објектите за урбана опрема законот треба стрикно “да наброи за кои и какви објекти се работи со строго утврдена и транспарентна процедура за нивно подигање и поставување”.

Почитувани колеги ако предлагачот немал слух за укажувањата од Уставниот суд, ако немал слух, не можел и не сакал да слушне што вели антикорупциската комисија, јасно е зошто голем број на членови од овој Парламент не сакаат да дискутираат по амандманите и не поднесоа амандмани. Но, господине заменик министер, без разлика како е, на нас е да укажеме на грешките, на вас е да ги прифатите или не. Меѓутоа, почитувани колеги одговорноста ќе биде на сите оние кои ќе го притиснат зеленото копче за одобрување и носење на еден ваков лош, штетен, да не речам катастрофален закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван заменик министер,

Сакам да кажам дека нема да дадам поддршка за овој закон, не само поради тоа што не беа прифатени дел од амандманите кои ги поднесе пратеничката група на ЛДП, напротив, затоа што сметам дека овој закон е штетен, дека овој закон ќе нанесе голема штета или ќе го зголеми и понатаму, наместо еднаш конечно да стави крај на хаосот кој владее и во целост да се справи со урбаната мафија, мислам дека уште повеќе ќе придонесе за еден хаос во оваа сфера на градењето во Република Македонија.

Јас имав повеќе забелешки на првиот предлог закон, како што кажав, кој ни беше доставен во Собраниска процедура уште во јули 2007 година. Дел од амандманите се преточени во овој Предлог на закон, но тоа не е доволно да добиеме еден квалитетен закон кој ќе биде лесен за имплементација, кој нема да дава можност за злоупотреби и корупција.

Значи, наместо да почнеме со носењето на квалитетни закони кои не даваат можност за злоупотреба и за корупција, ние носиме закони

кои уште повеќе ја отвораат можноста за корупција. Како ќе се бориме против корупцијата, а знаеме дека корупцијата е најзастапена во оваа сфера, во градежништвото, барем така го кажува оваа Влада.

Борбата со корупцијата почитувани колеги, треба да почнува овде во Парламентот со носење на квалитетни закони. Борбата против корупцијата не значи само спектакуларни апсења пред камерите, и потоа луѓето откако ќе бидат жигосани, без пресуда, повторно да се најдат на слобода. Борбата против корупцијата ние како пратеници сме должни да ја почнеме со носење на квалитетни закони што со ниту еден сегмент нема да дадат можност за ова. Но, ќе се сконцентрирам на она што го кажав, за она што имав амандмани, а пред се тоа беа лиценците и враќањето на улогата на Комората.

Со носењето на овој закон, во целост ќе престане функционирањето на Комората, а и да не престане, навистина не знам каква смисла ќе има здружувањето на еснафот во Комората, Комора која нема ама баш никакви ингеренции во областа на градењето, ниту пак има некои финансиски средства. Токму поради тоа сметам дека со неприфаќањето на амандманите и одземањето и на веке постојните ингеренции на Комората, Владата, се впушта во еден многу нереформски проект. Овој Проект е во целосна насока на партизација во оваа сфера, или преведео, министерот со целокупните овластувања кои ги има, самиот, без критериуми, без јасно оставени критериуми во законот, ќе издава лиценци на оние кои тој ги смета за подобни. Останатите нема да ја добијат лиценцата. Згора на тоа, министерот има можност и на тие што издава, самиот, без критериуми, по свое наоѓање, да го определува надоместокот за издавање на лиценци. За иронијата да биде уште поголема, овој надоместок, овие средства ќе се влеваат во буџетот на Република Македонија. Значи наместо кај комората,со што ќе имаме можност...

Јас знам дека дел од колегите се нетрпеливи, но мислам дека треба барем да си ја оправдаме платата, или како што милува да каже еден пратеник од ВМРО ДПМНЕ од првиот ред, да знаеме каде ги трошиме средствата на даночните обврзници.

**Трајко Вељаноски:** Во ред, продолжете.

**Роза Топузова Каревска:** Ако кон тоа додадеме дека со овие средства ќе се полни буџетот на Република Македонија, уште појасна станува интенцијата на предлагачот да интервенира и во оние членови каде одредени ингеренции имаше комората.

Добро е што барем се прифатени амандманите каде важноста на лиценцата се зголемува од 5 на 7 години, така што барем оние кои ќе бараат повторно лиценца, обновување на лиценцата, нема да можат да бидат по 5 години изложени на непотребни трошоци, што не е исто така страшно, но нема да бидат само за пет години повторно изложени на милоста и немилоста на министерот за транспорт и врски.

Од се ова што го кажав, а и да не се повторувам, со излагањето на почитуваниот колега кој претходно говореше Никола Ќуркчиев, јас ќе завршам со тоа дека многу брзо ќе се видат последиците од овој нереформски закон. Многу брзо ќе го почувствуваат и граѓаните и оние кои сакаат да градат, ќе го почувствуваат и вработените во оваа сфера и многу брзо ќе се воспостави дека со овој закон се поттикнуваат злоупотребите, можноста за корупција во оваа сфера и не се средува хаосот, а наместо тоа се предизвикува уште поголем хаос.

Неопходно е час поскоро Владата, ако веќе не ги прифати овие амандмани, да ни достави нова измена на законот која ќе може да ја помина редовната процедура во Собранието, нова верзија на Законот која ќе биде дадена на јавна расправа, затоа што по овој закон голем број на сручњаци и ескперти се изјаснија дека е штетен и неподобен да ги реши сите проблеми кои и те како со години се напластени во оваа сфера. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да го ставам законот на гласање ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 71 пратеник, од нив 58 за, нема воздржани, против 13 пратеници.

Ги молам претседателот и членовите на Владата кои се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака?

Кој е за? (Никој. )

Дали има некој воздржан? (Нема. )

Кој е против?( Никој.)

По предлогот на законот вкупно гласаа 71 пратеник, за гласаа 58, воздржани нема, против 13 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за градење.

Би сакал да се заблагодарам на пратениците за конструктивната работа во изминатите четири дена.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам третата седница на Собранието на Република Македонија.

За утре е закажана нова четврта седница во 11, 00 часот. Ви благодарам.

(Седницата заврши во 15,23 часот)